МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2023 ГОДИНА

јануари 2024 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2023 година, беше подготвен во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели за 2023 на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/22):

- Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот;
- Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за потребите на пазарот на трудот, воспитан за почитување на граѓанските права, меѓусебната толеранција и развој на мултикултурализмот и интеркултурализмот;
- Обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови и подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и
- Унапредување на човечкиот капитал, зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите.

Со стратешки план на Министерството за образование и наука за 2023-2025 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми. За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2022 година ги дефинираше потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Подобрен ученички стандард

## ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

**ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

**ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите од Стратешкиот план:

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал | |
| КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br><br>**Потпрограми:**<br>• Зголемување на постигањата на учениците во основното образование<br>• Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование<br>• Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование и зголемување на опфатот на ученици | **Одговорен:**<br>Сектор за основно образование |

| | | |
|---|---|---|
| • Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | | |
| **Мерка: Сукцесивна имплементација на новата Концепција за основно образование (за трето и шесто одделение)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на наставните програми за шесто одделение<br>- Подготовка на наставниците од трето и шесто одделение од страна на БРО<br>- Донесување на наставните програми од страна на министерот<br>- Изработка на упатства и педагошки документи од страна на БРО | **Појдовна основа:**<br>Донесена е нова Концепција за основно образование, чија имплементација ќе биде сукцесивна<br><br>Донесени се Национални стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементирана е новата Концепција за основно образование<br><br>Донесени нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е реализирана**<br><br>Изработени и донесени се новите наставни програми за шесто одделение, врз основа на националните стандарди за учениците во основното образование.<br><br>Со Решение на министерот бр.12-4729/2 од 2.5.2023 донесен е новиот наставен план за учебната 2023/2024 година. Во месец август БРО подготви и објави Насоки за планирање, организација и реализација на наставата од 1. до 6. одделение во основното образование во учебната 2023/24 година.<br><br>Од месец септември 2023, во настава започнаа да се применуваат новите наставни програми за трето и шесто одделение (со што заокружена е реформата од прво до шесто одделение).<br><br>Обучени се 1920 наставници од одделенска настава кои реализираат настава по новите наставни програми за III одделение и одделенски наставници кои досега не ја следеле обуката за новата Концепција и новите наставни програми.<br><br>Обучени се и 3597 предметни наставници за реализација на наставата според новите наставни програми во шесто одделение, Обуките беа организирани поодделно за секој наставен предмет согласно наставниот план за шесто одделение | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Донесени се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците во основното образование за шесто одделение<br><br>Имплементирана е новата Концепција за основно образование во трето и шесто одделение во учебната 2023/2024 | БРО изработи прирачници за наставници, со прилог материјали за учење за учениците за: III и VI оддделение: македонски јазик, математика, музичко, ликовно, физичко и здравствено образование. Изработените наставни материјали се објавени на веб страната на БРО.<br><br>Од страна на БРО одобрени се 20 нови наставни програми за слободни изборни предмети изработени од училишта (шеснесеет за VI одделение, една за IV, V и VI и три за IV и V одделение) | |
| **Мерка: Континуирано одржување и надградување на системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, надградба на алатката Microsoft Teams, интеграција со Moodle… )**<br><br>Предвидени активности:<br>- Континуирано ажурирање на порталот едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на далечина<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | **Појдовна основа**<br>Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина<br><br>**Показател за успешност:**<br>Одржлив систем за образование на далечина<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Континирано се надградува системот за образование од далечина | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Порталот едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.<br><br>Системот за образование на далечина, активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби (он лајн настава, алатките како OneNote Classrom, OneDrive, MC Forms…). Заврпена е постапката за реалокација на лиценци на учениците од завршните години за користење на системот за учење на далечина и ниво префрлање на новозапишаните ученици (од прво одделение)<br><br>Набавена е информатичка технологија и мрежна инфраструктура за 40 основни училишта (финансирани со заем од Светска банка). Во училиштата се поставија безжични пристапни точки преку кои се овозможува интернет пристап во сите училници, кабинети, канцеларии, спортски сали и придружни објекти, а паралелно се поставија и заштитни firewall- уреди, кои гарантираат безбеден пристап, со тоа што истите се приклучени на централен систем за управување во МОН кој го контролира пристапот до содржините на интернет, оневозможувајќи отворање на веб сајтови што на глобално ниво се означени како страници со несоодветна содржина.<br><br>Завршена е и Јавната набавка на ИТ опрема за 40-те основни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | училишта прелу Буџетот на МОН (персонални компјутери, монитори и преносни компјутери, опрема за презентација на настава, систем за ИТ податочна безбедност, 3Д скенери, печатари, скенери, проектори, УПС, офтверски пакет за уредување и работа со документи.....) и опремата е доставена до основни училишта.<br><br>Завршена е постапката по однос на јавната набавка на опрема за воспоставување на приватен облак и услуги за централизирано управување со Сајбер Безбедност, и избрана е фирма изведувач.<br><br>На 30.10.2023 г. објавена е јавна постапка за изнајмување на облак (cloud) платформа на хостирање на системите на Министерството за образование и наука, со рок на поднесување на пријави до 30.11.2023г. Во тек е евалуација | |
| **Мерка: Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до петто одделение)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени се согласности за намалување на бројот на ученици во паралека од прво до петто одделение, за учебната 2023/2024 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Завршена е постапката и обезбедени се согласности согласно утврдените потреби на училиштата. Обезбедени се согласноти за вработување на 29 одделенски наставници со цел исполнување на законскиот услов за максимално 30 ученика во паралелка за учебната 2023/2024 година | |
| **Мерка: Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Развој на алатки/инструменти | **Појдовна основа**<br>Донесен е Програма за професионална ориентација на учениците<br><br>**Показател за успешност:**<br>Развиени се инструменти за професионална ориентација | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Програмата се спроведува од страна на училиштата.<br><br>Не се развиени алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Развиени се инструменти за професионална ориентација | Во Каталогот на обуки на БРО акредитирана е програма за наставниците на тема Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) и програма за стручните соработници на тема: Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој. Во четвртиот квартал од 2023 се спроведе вториот циклус на обуки | |
| **Мерка: Вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до четврто одделение**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласости од страна на училиштата, за прво, второ и третто одделение во основно образование<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Во Законот за основно образование предвидено е за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение да се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Примената на оваа одредба е сукцесивна<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите за учење во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени се согласности за вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до четврто одделение, во учебната 2023/2024 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Завршена е постапката и обезбедени се согласности согласно утврдените потреби на училиштата. Пресметано во цели работни места на ниво на државата се обезбедени согласности за вработување на 148 наставници по физичко и здравствено образование за учебната 2023/2024 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба на училишни спортски сали и реконструкција на постојните сали, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изагдба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали и реконструкција на постојните сали | **Појдовна основа**<br>Има потреба од подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите за учење во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се инфраструктурни услови во училиштата преку изградба/доградба на училишни објекти, реконструкција на училишта и изградба и реконструкција на училишни спортски сали | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2023 година со бр.10-1243/1 од 31.1.2023 година.<br><br>Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023). На 176-та седница на Владата одржана на 1.8.2023 г.<br><br>Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 г. со која се обезбедени дополнителни средства за изградба односно вкупната вредност за реализација на Програма се зголемува од 333.595.000 мкд на 342.240.667 мкд.<br><br>Завршени се со изградба 3 нови училишни објекти (ново училиште во Визбегово, о.Бутел, изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски“ нас Хром, о.Ѓорче Петров и нов училишен објект ПУ во с. Согле, Чашка). Две училишта се во фаза на доградба и надградба (училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Чашка и ОУ „Александар Урдаревски“, Чучер Сандево).<br><br>Согласно ЗЈН објавени се постапки за изградба на нов училишен објект за ООУ Рилиндја во с. Селце, Тетово, постапки за доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Кичево; доградба на училишен објект во ООУ Св. Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Чучер Сандево и доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, Бутел.<br><br>Завршена е и реконструкцијата на вкупно 65 училишни објекти, а во тек е реконтрукција на 24 основни училишта. Согласно ЗЈН објавени се постапки за реконструкција на уште пет училишта<br><br>Во завршна фаза на изградба е една училишна спортска сала во ООУ Нури Мазари – с. Делгожди, Општина Струга. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во рамки на PEIP Проектот (Заем од Светска банка). спроведена е проценка на стабилноста на десет училишни згради за основно образование лоцирани во високоризични региони согласно сеизмичката карта на Република Северна Македонија. Избраниот консултант спроведе проценка и достави индивидуални извештаи за секое училиште. Сите 10 училишта ги исполнуваат сеизмичките стандарди.<br><br>По однос на добиениот грант од Банката за развој при Советот на Европа, за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта, во четвртиот квартал започна етапна реконструкција односно реконструкција на 10 сали.<br><br>Во рамки на PEIP проектот набавени се наставни и нагледни средства за општествени науки (историски карти, географски карти, мапи, глобуси и сл.) за потребите на основните училишта. Заклучно со месец декември спроведена е дополнителна набавка за наставни и нагледни средства за едно ново училиште (интерактивни табли, компјутери, опрема за спортска сала и наставно-нагледни средства за изведување настава во основно образование од подрачјата биологија, хемија, географија).<br><br>На 208-та седница на Владата одржана на 14.12.2023 г., Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства од Буџетот на МОН за 2023 г. во вкупен износ од 380.000.000 мкд, кон општините за капитални инвестиции и тоа на о.Аеродром за доградба и надградба на ООУ Блаже Конески, на о.Кисела Вода за за изградба на ООУ Климент Охридски во с. Драчево, на о.Гази Баба за изградба на ново основно училиште Крсте Мисирков, и на о.Охрид за реконструкција и адаптација на простор за нова училишна зграда за потребите ООУ Кочо Рацин и за изградба на училишна спорстка сала во ООУ Ванчо Николески с. Лескоец. | |
| **Мерка: Имплементација на Концепција за државно тестирање (спроведување на пробно тестирање** | **Појдовна основа**<br>Донесена е Концепција за државно | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвен е предлог Извештај врз основа на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **за учениците во петто одделение и изработка на Извештајот од главното тестирање за учениците од трето одделение спроведено во 2022**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на рамка за оценување<br>- Изготвување на инструменти за оценување (тестови и прашалници)<br>- Спроведување на тестирањето за учениицте од петто (мај - јуни 2023)<br>- Обработка на податоци за изготвување на Извештај за спроведеното тестирање за учениците од трето одделение | тестирање во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведено е државното (пробно) тестирање за ученици од петто одделение | анализата/обработката на податоците од државното тестирање за трето одделение спроведено во месец јуни 2022. Извештајот со препораките ќе биде промовиран на стручна расправа планирана за месец јануари 2024 г. (од страна на ДИЦ и експертскиот тим од Аркидата).<br><br>Повеќе од 30 вработени и надворешни соработници на ДИЦ поминаа обуки за креирање на тест прашања, анализа на податоци, утврдување на нивоа на постигнување, оценување на тест прашања поврзани со пишување Вработените во ДИЦ поминаа обуки за користење на статистички пакети (SPSS), за примарна и секундарна анализа на резултати од државно тестирање, обуки за користење на Conquest - софтверот за анализа на одговорите по тест прашање (Item response theory - IRT) .<br><br>Во месец октомври реализирано е преттестирањето (пробно тестирање) за петто одделение. Во месец јануари 2024 (11-ти и 12-ти) закажана е обука за тестаторите/оценувачите по мајчин јазик и математика и за вработените во ДИЦ од страна на експертскиот тим од Аркидата. | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (TIMSS 2023, PIRLS)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на деталнa анализа и изготвување на Национален извештај за резултатите од PIRLS 2021<br>- Учество на меѓународнот тестирање TIMSS 2023 | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија изрази интерес за учество во меѓународното тестирање TIMSS 2023<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Реализирано е учеството во TIMSS 2023 | **Реализација на мерката е во тек**<br><br>TIMSS 2023 започна во месец април 2023, и до крај на наставната година тестирани беа околу 4900 ученици на македонски и на албански јазик од 150 основни училишта. Извршено е оценување на тестовите и испратени се во базата на IEA.<br><br>Во тек е анализа на податоците од TIMSS 2023 од страна на IEA. Резултатите ќе бидат објавени на 4.12.2024г. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на наставните средства и дидактички материјали – донесување на ново законско решение** | **Појдовна основа:**<br>Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Со цел подигнување на квалитетот на содржината на учебниците како и подобрување на процесот на откуп и одобрување на учебници во основното и средното | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование<br>- Изработка на наставни и дидактички материјали согласно новите наставни програми | **Показател за успешност**:<br>Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за учебници, наставни и дидактички материјали | образование Министерството и Педагошката служба иницираа процес за изработка на нов Закон за учебници за основното и средното образование. На 20.1.2023 г. на веб страната на МОН објавен е повик до сите заинтересирани, да го разгледаат постојното законско решение, кое е основа за изработка на нов закон и да дадат свои сугестии и предлози на електронската адреса kabinetmon@mon.gov.mk, најдоцна до 28.02.2023 година. На 9.3.2023 во просториите на МОН се одржа состанок на Работната група составена од претставници на повеќе институции и чинители на воспитно – образовниот процес, која започна да ја изготвува првата нацрт верзија на новиот Закон за учебници во основното и средното образование.<br><br>Од страна на БРО изработени се нови материјали за учење за трето, петто и шесто одделение.<br><br>Одобрени се новите учебници за трето и шстто одделение, согласно новите наставни програми. Учебниците се испечатени и доставени до сите училишта.<br><br>На 28.12.2023г. промовирани се дигитализираните интерактивни учебници за четврто, петто и шесто одделение кои содржат мултимедијални елементи како видеа, фотографии, илустрации, квизови и друга содржина што го прави процесот на стекнување знаења поинтересен, а со тоа и поефективен. Тие се во согласност со наставните програми и националните стандарди за постигањата на учениците во основното образование. Поставени се на посебна, стабилна платформа, nastava.mk и достапни се во секое време и од секое место каде може да се воспостави интернет врска.<br><br>Во 2023 г одобрени се вкупно 19 нови учебници за основно образование.<br><br>Во текот на годината објавени се:<br>- **7** конкурси за учебници за основно и средно образовани<br>- **5** продолженија на конкурсите за основно образование, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - **15** повици за авторски тимови за учебници за основно и средно образование,<br>- **21** јавен оглас за рецензенти за учебници за основно и средно образование.<br><br>Вкупниот број на испечатени и дистрибуирани учебници за основно образование во 2023 година изнесува 582.668, а согласно јавната набавка за откуп на учебници за основно образование, откупени и дистрибуирани се вкупно 49.624 учебници. | |
| **Мерка: Ревизија на мрежата и имплементација на новата формула за финансирање на основните училишта (зајакнување на капацитетите на општините)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование по општини за 2023 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование 2023-2026 година | **Појдовна основа:**<br>Моделот за финансирање на основните училишта е застарен и не ја отсликува реалната состојба и потребите на училиштата<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементиран е новиот модел за финансирање на основните училишта и реорганизација на мрежата на училишта<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започната имплементација на новиот модел за финансирање на основните училишта и реорганизација на мрежата на училишта | **Одложена е реализацијата на мерката**<br><br>На 20.2.2023 новата формула за финансирање на основните училишта беше презентирана пред членовите на Комисијата за финансирање на единиците на локалната самоуправа. На средбата присуствуваше и министерот за образование и наука и претставници од Министерството за финансии.<br><br>Во владина постапка доставена е Информацијата за воведување нова методологија за распределба на блок дотации по општини за финансирање на основното образование од септември 2023 година. Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на седницата одржана на 27.10.2023 даде согласност на предлог-уредбата за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование по општини за 2024 година, врз основа на старата методологија (предложена од МОН) со забелешка во наредниот период да се изнајде начин од страна на МФ и МОН за примени на новата методологија.<br><br>Започната е изработка на напредна верзија на калкулатор кој ќе биде составен дел на новиот ЕМИС (нов модул) со цел автоматски да ги употребува дел од податоците за пресметка на дотациите и да биде достапен на МОН и на општините. ИТ експерт ангажиран од Уницеф изработи техничка спецификација за вклопување на калкулаторот во ЕМИС со 3 компоненти: 1) Калкулатор за блок | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | дотации, 2) модул за вчитување и обработка на податоците од Ф1 образец, 3) Модул за мониторинг на оптимизацијата (пресметка на индексите за оптимизација). Новиот модул ќе биде развиен во 2024 година.<br><br>Во однос на оптмизацијата, започната е постапка со 10 пилот општини, за кои се изготвени прелог планови за оптимизација на училишната мрежа. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | | | |
| **Мерка: Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (ангажирање на образовни асистенти преку основните училишта со ресурсни центри, формирање на училиштен инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивен тим за ученик<br>- Зајакнување на капацитетите и ресурсите на основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка<br>- Изготвување на ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br>- Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни асистенти од страна на МОН и | **Појдовна основа**:<br>Донесена е Концепција за инклузивно образование<br>Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта<br>Донесено е Упатство за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за учениците со комплексни потреби во основното образование<br>Во буџетот за 2023 предвидени се средства за ангажирање на образовни асистенти<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...) ; | **Мерката е реализирана**<br><br>Министерот за образование и наука ја утврди Програмата за обука за образовни асистенти за 2023г. со број 18-2671/1 од 3.3.2023<br>Од страна на МТСП. МЗ и МОН донесен е нов Правилник за функционална проценка, објавен во Службен весник бр.9 од 17.1.2023г.<br><br>Завршена е постапката за ангажиање образовни асистенти за учебната 2023/2024 година. Ангажирани се 820 асистенти (во учебната 2022/2023 беа ангажирани 720, а во учебната 2021/2022, 500 асистенти). Обезбедени се согласности за вработување на нови 7 специјални едукатори и рехабилитатори и 4 педагози<br><br>Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот.<br><br>Се спроведе вториот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој се акредитирани и обуки на тема „Инклузивно образование во пракса" за стручни соработници и на тема „Инклузија и пристапи во поучување на ученици со попреченост". | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br>- Спроведување на постапки за ангажирање на образовни асистенти за учебната 2023/2024 година<br>- Донесување на Програма за обука на образовен асистент<br>- Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на училиштата | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Програма за обука на образовни асистенти<br>Ангажирани се образовни асистенти во основните училишта, согласно препораките на Комисијата за МКФ | | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br>- Ангажирање на Ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво | **Појдовна основа**:<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно ЗОО за вклучување на деца кои се со надмината возраст а не биле вклучени во образовниот систем<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се инструментите за проверка за вклучување во соодветно одделение на основно образование, на деца со надмината возраст<br>Ангажирани се ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво | **Мерката е реализирана**<br><br>Образовните медијатори ангажирани од МОН, работеа на терен во насока на информирање и поддршка на семејствата и родителите/старателите за упис на ученици Роми во прво одделение.<br><br>На 30.82023г на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за ангажирање на 40 ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2023/2024 година. Завршена е постапката и селектирани се медијаторите.<br><br>Од страна на основните училишта се користеа иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br><br>Во рамки на PEIP проектот изработена е предлог пилот програма за помош и поддршка на учениците од основните училишта, кои поради пандемијата со КОВИД-19 не биле во можност или имале потешкотии да ја следат онлајн наставата или наставата со физичко присуство, по предметите мајчин јазик и математика, а со цел пополнување на празнините во знаењето по овие предмети и да се спречи нивен одраз во понатамошните образовни нивоа. Планирано е програмата да започне да се спроведува во три пилот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | општини, по што ќе следи анализа на постигнатите резултати и потоа дефинирање на системско решение и имплементирање на национално ниво. За таа цел започната е постапка за измена на Законот за основното образование за исплата на туторите. | |
| **Мерка: Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Обезбедување на потребни согласности за учебната 2023/2024 година | **Појдовна основа**:<br>Донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени се согласности за ангажирање на наставници за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | **Реализирањето на мерката е во тек**<br><br>Наставата во КПД Волковија се изведува со наставници од ООУ за возрасни „Антон Сејменович Макаренко", а се финансира преку УНДП. Подготвени се измени на Законот за основно образование, со кои се уредува ООУ за возрасни да стане државно училиште преку кое ќе се спроведува наставата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Измените на законот се утрдени од страна на Владата и доставени во собраниска процедура на усвојување. | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно стандардите за интеркултурно образование и Упатството за заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување | **Појдовна основа**:<br>Во буџетот за 2023 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br>Донесено е Упатство за организирање на заеднички наставни часови<br>Донесени се стандарди за интеркултурно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на | **Мерката е реализирана**<br><br>На 1.11.2023 објавен е Јавниот повик на веб страната на МОН (и доставен по маил до сите училишта) со рок на аплицирање до 1.12.2023г. Примени се апликации од вкупно 177 училишта (138 училишта во партнерство и 39 училишта самостојно)..<br><br>Од 1.9.2023 г. во настава се применуваат новите наставни програми за трето и шесто одделение изработени согласно стандардите за интеркултурно образование. подготвени се и новите наставни програми за седмо одделение кои ќе се применуваат од учебната 2024/2025 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br>- Имплементација на новите наставни програми за трето и шесто одделение согласно стандардите за интеркултурно образование<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за интеркултурно образование | МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција. | Се спроведе вториот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој акредитирана е обука на тема „Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта" со што наставниците имаат можност да ја изберат и следат оваа обука во нивниот професионален развој.<br><br>МОН (Комисијата за меѓуетничка интеграција во образованието) во текот на месец септември спроведе прашалник во основните и средните училишта за собирање на податоци за спроведени активности за меѓуетничка интеграција на училиштата во 2022/2023 година, врз основа на кои изработен е сумарен извештај со наоди и препораки.<br><br>На 11.12.2023г. на јавен настан промовирани се наодите од Истражувањето за перцепциите, мислењата и ставовите за меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија. Извештајот со наодите е објавен и на веб страната на МОН. | |
| **Мерка: Имплементација на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br>- Креирање на единствена методологија и систем за прибирање податоци за насилство во училиштата<br>- Изработка на план за заштита | **Појдовна основа**:<br>Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>**Показател за успешност:**<br>Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Реализирањето на мерката е во тек**<br><br>Училиштата постапуваат согласно Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>МОН спроведе консултации за креирање мерки и надополнување на постоечките механизми за детекција и спречување врсничко насилство, промена на пристапот за работа со деца со асоцијално однесување, за работа со нивните семејства и слично. Одржани се координативни средби со сите релевантни чинители (академски професори, експерти од областа на педагогијата, психологијата, социологијата, безбедносните науки, младите, граѓанските организации и меѓународните организации како Уницеф) врз основа на што изработени се препораки и насоки за општините, стручните служби на училиштата и наставниците, за спречување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување | на врсничко насилство, булинг и ограничување на употребата на социјалните мрежи во училиштата. Препораките се усвоени на 154-та седница на Владата, одржана на 16.5.2023г.<br><br>Министерството започна кампања: Заедно да ставиме крај на училишното насилство, во рамки на која упати апел до сите граѓани, доколку биде забележан било каков облик на насилно однесување во училиштата, да биде пријавен на специјално отворената електронска адреса prijavinasilstvo@mon.gov.mk, односно paraqitdhune@mon.gov.mk, или пак до стручните служби во училиштата, со цел навремено да се реагира и да е спречат посериозни инциденти и последици.. Стручни служби од МОН организираа посети на училиштата, со наставниците, стручните служби и учениците со кои заедно се разговараше за училишното насилство.<br><br>Согласно ЗОО донесена е Програма за советување на ученици во основните училишта и нивните родители/старатели бр.26-1621/1 од 12.6.2023г.<br>На 1.9.2023 започна да се спроведува тригодишен Проект насловен „Промовирање на безбедна училишна средина“ финансиски поддржан од Фондација Песталоци во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА, МЦГО, Првата детска амбасада МЕЃАШИ и СмартУп- Лаб за социјални иновации. Главната цел на проектот е да придонесе кон остварување на правото на децата од 26 основни и 24 средни училишта до квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина<br><br>Се спроведоа (втор циклус) обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој акредитирани се обука на тема „Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл" наменета за наставнците и обука на тема „Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | создавање на позитивна социо-емоционална клима на час" наменета за стручните соработници.<br><br>Врз основа на Програма за психосоцијална помош и поддршка во унапредување на добросостојбата и менталното здравје на децата и младите во образовните, здравствените и згрижувачките институции и средини (изработена од страна на Уницеф) изготвена е онлајн обука, поставена на Едунио порталот (обуката на порталот ја поминаа повеќе од 300 стручни соработници) како надополнување на претходно обучените 700 стручни соработници.<br><br>Во соработка со Уницеф започна анализа на сервисите, капацитетите и потребите на образовниот систем со цел да се обезбеди поддршка на металното здравје и психосоцијална поддршка на учениците, за што беше спроведен прашалник којшто го одговорија 2760 наставници, директори и претставници на стручните соработници. Во 14 града се спроведоа активности во заедницата во кои учествуваа над 400 деца и адолесценти. Во рамките на овие активности тие имаа можност да зборуваат со стручни лица за менталното здравје и за надминување на стигмата што постои меѓу младите на оваа тема. | |
| **Мерка: Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапки за одобрување на учебници и/или наставни материјали по предметите; Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Србите, Јазик и култура на | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Одобрени се учебници и/или наставни материјали по предметите јазик и култура на Ромите, Бошњаците, | **Реализирањето на мерката е во тек**<br><br>На 21.3.2023г. објавен е повик за изработка на учебници согласно новите наставни програми за шесто одделение за предметите босански, српски и турски јазик<br><br>На 20.6.2023 објавен е Повик за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тимови за изработка на ракописи за учебници за VI одделение за српски и босански јазик.<br><br>На 30.8.2023 и 27.9.2023 објавен е повторен Повик за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тим за изработка на ракопис за учебник за српски јазик за VI одделение. На 27.12.2023г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Турците и Јазик и култура на Власите | Србите, Турците и Власите | објавен е Јавен повик за рецензенти на учебник за предметот српски јазик за VI одделение.<br><br>На 17.10.2023 објавен е Повик за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тим за изработка на ракопис за учебник за босански јазик за VI одделение. На 8.11.2023 објавен е повторен повик<br><br>На 17.11.2023г. објавен е Конкурс за издавање на учебници за босански јазик, српски јазик и турски јазик за VII одделение. На 22.11.2023г. објавен е Јавен повик за рецензенти на учебниците. | |
| **Мерка: Изработка на нови наставни програми, наставните средства и дидактичките материјали во основно образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нови наставни програми и наставни материјали (согласно Концепцијата за основно образование) кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. | **Појдовна основа**<br>Донесена е нова Концепција за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Новите наставни програми и учебници/наставни материјали во основно образование промовираат родова еднаквост, заштита од насилство и недискриминација | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесени се нови наставни програми за шесто одделение, согласно новата концепција за основно образование, во која е уредено дека „*Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.*" Новите наставни програми за трето и шесто одделение започнаа да се применуваат во наставата од септември 2023г.<br><br>Одобрени се нови учебници за трето и шесто одделение, согласно новите наставни програми (кои промовираат родова еднаквост и недискриминација) и истите се доставени до сите училишта..<br><br>Во месец ноември 2023 донесени се и новите наставни програми за седмо одделение кои промовираат родова еднаквост и недискриминација, а чија примена согласно планот за реформирање на основното образование ќе започне од учебната 2024-2025 година, Започната е и постапката за изработка на нови учебници за седмо одделение. | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на** | **Појдовна основа /**<br>Новиот Закон за основно образование содржи одредба за донесување на | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На 23.2.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **меѓународни натпревари**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Концепција од страна на БРО<br>- Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br>- Донесување на Концепцијата од страна на министерот<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Исплата на одобрените апликации<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар | Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Донесена е Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на ученици од основните училишта, со рок на пријавување до 9.3.2023г. На 15.5.2023 на веб страната на МОН објавена е листа на акредитирани здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделни предмети во основното образование, согласно спроведениот Конкурс.<br><br>На 23.2.2023 на веб страната на МОН објавено е известување за пријавување за исплата на парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар. Изработени се Решенија за исплата на 87 ученици и 87 ментори<br><br>На 23.2.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот, со рок на пријавување до 31.8.2023г. Одообрени се награди за 5 учесници.<br><br>По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик - Денот на лингвистичката и културна разновидост и повеќејазичност (21.2) МОН спроведе Конкурс за наградување на ученици за најдобар есеј на тема „Мојот јазик - мост помеѓу мене и тебе“<br><br>На 7.4.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2023 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, со рок на пријавување до 31.10.2023г. Одобрени се и исплатени три апликации (за учество на Меѓународен натпревар од областа на математиката на Јуниорската Балканска математичка олимпијада одржана во периодот од 23 до 28.06.2023 година во Тирана, Република Албанија; за учество на Меѓународен | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | натпревар по информатика оддржан во Кутаиси, Грузија и котизација за меѓународен натпревар по физика во Банкок-Тајланд).<br><br>По однос на Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, истата не е изготвена од страна на БРО, поради потребата од дополнителни консултации за изготвување на концепцијата | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование и Законот за БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Спроведување на обуки од Каталогот на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници<br>- Спроведување на истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред и по реализација на обуките на | **Појдовна основа**<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br><br>**Показател за успешност:**<br>Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди<br><br>Изработени се Каталози на акредитирани програми за обука за наставници и за стручни соработници<br><br>**Плаиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Службен весник бр. 97/2023 од 9.5.2023г.)<br><br>Завршено е базичното истражување (мерење на квалитетот на настава во основното образование) користејќи го TEACH инструментот на Светска Банка пред реализација на обуките на наставниците. Во ноември. се спроведе обука за користење на алатката TEACH (следење на квалитетот на наставата во основното образование) за советници од БРО, ДПИ и ДИЦ. Освен обука за користење на алатката, обучените лица од БРО, ДИЦ и ДПИ следеа курс за обучувачи, со цел обучување на нови лица од соодветните институции.<br><br>Врз основа на Меморандум за соработка со Британски совет за професионален развој и обука на 500 наставници по англиски јазик од основните и средните училишта во земјата, во мецец јануари започнаа обуките (прв циклус). На 26.9.2023 објавен е нов повик за онлајн обука (втор циклус) на нова група на наставници по англиски јазик од јавните основни и средни училишта Повикот е објавен во рамки на проектот Future English Online Teacher Community, Обуката започна на 30.10.2023 и трае до 31.3.2024 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| наставниците | | Во вториот квартал МОН и УНИЦЕФ организираа работилници за јакнење на компетенциите на стручните соработници во училиштата (осум работилници во Охрид, Битола, Тетово, Куманово, Велес, Струмица и две во Скопје, во кои беа вклучени повеќе од 500 стручни соработници). Целта на работилниците е да се изгради заеднички одговор на последните случувања (насилство) и да се поттикне отворен разговор и клима на поддршка во училиштата.<br><br>Во месец април спроведени се три обуки - вебинари (преку платформата EDUINO) за наставници, стручни соработници и раководен кадар од основнит училишта во рамки на Проектот за медиумска писменост, на тема „Визуелни дезинформации и фотофорензика”, „Говор на омраза во онлајн медиумите” и „Претставување во медиумите - стереотипи и предрасуди”. Обуките за медиумска писменост наменети за одделенските наставници (1-5то одделение) и наставниците по мајчин јазик од 6-9 одделение во основното образование, продолжија да се спроведуваат и во следните месеци, а. Предвидено е да траат до крајот на март 2024 и ќе ги опфатат сите основни училишта во државата (250 обуки со кои се опфаќаат 8.500 наставници).<br><br>На 19 и 20 мај беше реализирана напредна обука за медиумска писменост наменета за наставници-обучувачи и советници од БРО. Целта на обуката беше да се обучат 25 тима наставници и советници обучувачи кои од септември 2023 до јуни 2024 година ќе држат обуки во сите основни училишта за своите колеги-наставници кои ќе ги предаваат овие теми во рамки на наставната програма. На 30.8.2023 се одржа дополнителна обука за наставници-обучувачи, со цел подобра подготовка за теренските обуки за медиумска писменост за наставниците од основно образование, во рамки на Проектот „Младите размислуваат”.<br><br>Во месеците јули и август се спроведе втората фаза на обуки на настаници и стручни соработиници од Каталот на акредитирни | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | програми, во која беа вклучени 17.200 наставници и 1.100 стручни соработници. Обуките се реализираа на македонски, албански и турски јазик. Тимови на советници од БРО ја следа реализацијата на акредитираните обуки и пополнуваа Формулар за следење и вреднување на обука кој се однесува на квалитетот на реализација на обуките од аспект на содржината на обуката, квалитетот на работата на обучувачот и организацијата на обуката.<br><br>Обучени се 1920 наставници од одделенска настава кои реализираат настава по новите наставни програми за III одделение во учебната 2023/2024 и одделенски наставници кои досега не ја следеле обуката за новата Концепција и новите наставни програми.<br><br>Обучени се и 3597 предметни наставници за реализација на наставата според новите наставни програми во шесто одделение, Обуките беа организирани поодделно за секој наставен предмет согласно наставниот план за шесто одделение. | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори и советници)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објава на јавен повик за напредување во звање ментор<br>- Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата, по објавениот јавен повик<br>- Објава на ранг листа<br>- Донесување на измени на ЗОО, за изработка на Упатство за следење на стручните соработници од страна на БРО | **Појдовна основа**<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементиран е моделот за кариерен развој<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементиран е системот за кариерен развој (спроведен е нов повик) | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На 3.1.2023 г. на веб страната на МОН објавен е повторен повик за пријавување на наставници од основни училишта за напредување во звање „ментор“. На повикот можеше да се пријави наставник од основно училиште од општините и училиштата во кои досега не е именуван наставник во звање „ментор“. Крајниот рок за аплицирање заврши на 20 февруари 2023 година, и пристигнати се 185 апликации. На 31.8.2023 доделени се сертификатите на 46 нови наставници-ментори (со што вкупната бројка на наставници-ментори изнесува 250).<br><br>На 146-та седница на Владата, одржана на 11.4.2023 утврден е текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници. Законот е доставен во собраниска постапка на донесување (115-та седница на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Собранието).<br><br>Направена е надградба на е-системот за кариерно напредување (модул за распределба на апликациите по комисии, модул за преглед на веќе оценети апликации и модули за различен тип на извештаи). На 27.12.2023 на е-системот за јавни набавки објавена е постапка за одржување на системот за кариерно унапредување. | |
| **Мерка: Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | **Појдовна основа:** /<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Конкурс за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | **Мерката е реализирана**<br><br>Конкурсот е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023, со рок на аплиицирање до 15.112023г..<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 29.12.2023г. (доделена е една стипендија) | |
| **ПОТПРОГРАМА 4**: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br>- Имплементација на новата програма за напредна обука на директори | **Појдовна основа**<br>Утврдени се професионалните компетенции за директор<br><br>Донесена е нова програма за напредна обука на директори<br><br>**Показател за успешност:**<br>Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е реализирана**<br><br>Континуирано се спроведува програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта (организирани се обуки и испити)<br><br>На 26.6.2023 ДИЦ објави известување за почеток на организација и реализација на напредната обука за директори на училишта. За таа цел ДИЦ до градоначалниците и одговорните за образование во општините достави линк за избор на теми од страна на директорите.<br><br>На 11 и 12 ноември 2023 година во Скопје, ДИЦ првпат започна со реализација на напредните обуки за директори, и тоа две обуки од областа финансии и по една обука од областите воведување на наставниот кадар во воспитно-образовниот процес и дигитална писменост. На обуките беа присутни 85 директори на училишта. На 23.11.2023 објавен е нов Јавен повик за пријавување на | |

<table>
<tr><td></td><td>Имплементирана е новата програм за напредна обука на директори</td><td>директори на напредната обука врз основа на објавена листа од осум обуки.</td><td></td></tr>
<tr><td>Мерка: Подобрување на системот за самоевалуација и изготвување на Развојна програма и годишна програма од страна на училиштата<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на упатство и насоки за самоевалуација од страна на училиштата<br>- Спроведување на обуки за училиштата за спроведување на самоевалуација и користење на податоците од самоевалуација за изработка на развојна и годишна програма<br>-</td><td>Појдовна основа<br>Ангажирани се експерти во рамки на ПЕИП за унапредување на процесот на самоевалуација<br><br>Показател за успешност:<br>Училиштата се обучени да спроведуваат самоевалуација, согласно новото Упатство<br><br>Планиран резултат (одредница на годишно ниво):<br>Изработено е Упатство за самоевалуација на училиштата</td><td>Реализирањето на мерката е во тек<br><br>На 15 и 16 мај се спроведе обука за самоевалуација по новата предлог рамката за квалитет и нови индикатори во четири подрачја, во селектираните 11 пилот основни училишта. 11-те училишта ја започнаа постапката за самоевалуација.<br><br>Во месец август се спроведе обука за селектираните 11 пилот основни училишта кои спроведоа самоевалуација по предлог рамката за квалитет и нови индикатори во четири подрачја. Обуката се однесуваше за начинот на аплицирање за грант<br><br>Во месец октомври 11=те пилот основни училишта аплицираа за грант со нови развојни програми врз основа на што им беше одобрен грант.<br><br>Во ноември и декември се спроведоа обуки за училиштата за спроведување набавки и за финансиски работи. Училиштата отворија донаторски сметки.<br><br>Изготвени се предлог Водич за подготвување, реализација и следење на развојна програма на училиштето, Оперативен прирачник за имплементација на грант-програма за унапредување на квалитетот на работата на основните училиштата и предлог Водич за самоевалуација, кој треба да им служи на училиштата при спроведување на самоевалуацијата и пишување на извештајот за самоевалуација</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Образложение</td><td>Влијание</td><td>Препорака</td></tr>
<tr><td>/</td><td>/</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН</td></tr>
<tr><td>Зголемени се платите на</td><td>На 22.9.2023 министерот за</td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **наставниците и останатте вработени во училиштата од месец септември, за 15%** | образование и наука и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, потпишаа спогодба која предвидува зголемување на платите на вработените во основните и средните училишта за 15%, почнувајќи од месец септември. | | |
| **Финансиска поддршка на учениците од основните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари**. | Врз основа на Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник бр.269/2023 од 18.12.2023) на 18.12.2023 МОН објави Јавен повик за финансиска поддршка за учениците од основните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари.<br><br>За добивање на финансиска поддршка кандидатите се пријавуваа во училиштето во кое ученикот е запишан со рок на пријавување до 24.12.202г. Финансиската поддршка изнесува 1200 мкд месечно. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД<br>**Потпрограми:** | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард | **Одговорен:**<br>Сектор за средно образование, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Зголемување на постигањата на учениците во средното образование<br>• Реформа на средното стручно образование<br>• Подобрен ученички стандард | | | образование на возрасни и доживотно учење<br>Одделение за ученички стандард |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во средното образование | | | |
| **Мерка: Донесување на нов Закон за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усогласување на текстот на Законот со сите релевантни чинители и со НРК<br>- Донесување на Законот за средно образование од страна на Собранието<br>- Донесување на подзаконските акти согласно Законот | **Појдовна основа**<br>Закон за средно образование донесен во 1995 година, со 33 измени<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен е нов Закон за средно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за средно образование | **Реализацијата на мерката е во тек**<br><br>Изготвен е нов предлог Закон за средно образование. На 19.12.2022г. официјално започна јавната расправа по предлог Законот со цел вклучување на мислењето и забелешките од сите засегнати страни. Во првиот квартал се спроведе јавна расправа. Усогласениот текст на закон во месец март е доставен во владина постапка на утврдување. | |
| **Мерка: Континуирано одржување и надградување на системот за образование од далечина (надополнување на порталот Едуино, набавка на дополнителни алатки за серверите за заштита на податоци.. )** | **Појдовна основа**<br>Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Континирано се надградува системот за | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Системот за образование на далечина, активно се користи од страна на училиштата (наставниците и учениците) согласно утврдените потреби (он лајн настава, алатките како OneNote Classrom, OneDrive, MC Forms...) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Континуирано ажурирање на порталот едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на далечина<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | образование од далечина | Порталот едуино континуирано се надградуваше со нови видео содржини.<br><br>Завршена е постапката согласно ЗЈН за одржување и поддршка на хардверска опрема во дата центар HUAWEI IDC (на 27.2.2023 донесена е Одлука за избор на фирма изведувач а на 8.3.2023 склучен е договорот)<br><br>Завршена е постапка за реалкоација на лиценци на учениците од завршните години за користење на системот за учење на далечина и ниво орефрлање на новозапишаните ученици. | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во средните училишта (реконструкција на средни училишта, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на средни училишта)<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на инфраструктурните услови во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на училишта | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (во кој се вклучени капитални инвестиции) за 2023 година со бр.10-1243/1 од 31.1.2023 година.<br><br>Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2023 г. (Службен весник бр.27/23 од 8.2.2023).<br><br>На 174-та седница на Владата одржана на 25.7.2023 г., Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 г. со која се обезбедени дополнителни 25.354.333 мкд за реконструкција на средни училишта.<br><br>Завршена е комплетната реконструкција на Државно училиште - Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово<br><br>Во тек е реконструкција на 6 училишта:<br>1. Реконструкција/рехабилитација на Државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески" , Охрид<br>2. Реконструкција на училишен објект во ОСУ „Мирко Милевски“ и ОСУ „Дрита“ Општина Кичево | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 3. Реконструкција на кров и целосна реконструкција на кабинети и работилници во ОСТУ Гостивар<br>4. Реконструкција на ОЕМУЦ Св.Наум Охридски, Охрид<br>5. ДУФК „Методиј Митевски-Брицо“ Центар, Скопје<br>6. СМУГС „Панче Караѓозов“ Центар, Скопје<br><br>Согласно ЗЈН објавени се постапки за реконстртукција на уште две училишта:<br>1. Реконструкција на ДУ РЦСОО Моша Пијаде - Тетово<br>2. Реконструкција на кров во ДМБУЦ Илија Николовски Луј, Скопје<br><br>На 25.5.2023 свечено е отворено новото спортско игралиште во струшката гимназија „Др.Ибрахим Темо“. Инвестицијата е финансирана од блок дотациите што ги добива училиштето, во соработка на општина Струга и МОН | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (анализа на податоци од PISA 2022)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на Извештај со препораки врз основа на анализа на податоците од ПИСА 2022 | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија учествуваше во меѓународното тестирање PISA 2022<br><br>**Показател за успешност:** /<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подготовка на Извештај со препораки од PISA 2022 | **Мерката е реализирана**<br><br>На 5.12.2023 од страна на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) објавени се резултатите од ПИСА 2022, тестирањето.<br><br>Со минимална разлика, резултатите за Северна Македонија го задржуваат нивото кое беше измерено во 2018 година. Од вкупно 81 држава кои беа дел од тестирањето, со постигнати 389 поени, нашата земја е на 61-то место според резултатите по математика. Со постигнатите 359 поени при мерењето на јазичната писменост, односно читање со разбирање, рангирани сме на 71-то место, додека по природни науки нашите ученици постигнаа 380 поени, што ја рангира државата на 68-то место во Европа. | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на конкурс за | **Појдовна основа:** /<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно | **Мерката е реализирана**<br><br>На 23.3.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за акредитација на здруженија на наставници за организирање на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - учество на меѓународни натпревари и научни олимпијади<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари | образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | натпревари на учениците по одделни предмети во средното образование. На 11.5.2023 на веб страната на МОН објавена е листа на акредитирани здруженија.<br><br>Доделени се парични награди на 77 ученици и 74 ментори кои освоиле прво место на државен натпревар, организиран од страна на акредитирани здруженија на наставници<br><br>На 22.3.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата, со рок на пријавување до 31.8.2023г. Доделени се парични награди за 16 ученици и 16 наставници за освоен златен, сребрен или бронзен медал<br><br>Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование е објавен на веб страната на МОН на 22.3.2023г. со рок на пријавување до 31.8.2023г. Доделени се парични награди на 13 ученици за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар. | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови /модифицирани наставни програми<br>- Ангажирање образовни | **Појдовна основа**<br>Во новиот предлог Закон за средно образование, уредена е инклузијата на ученици со попреченост<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...); | **Реализацијата на мерката е во тек**<br><br>Формирани се инклузивни тимови во училиштата, ангажирани се образовни асистенти со поддршка на УНДП, и изработени се индивидуални наставни планови. Во новиот предлог Закон за средно образование јасно е дефинирана и системски е регулирана инклузијата на учениците со попреченост во средното образование, како и соодветната образовна поддршка за секој ученик вклучен во редовниот наставен процес. Новиот предлог Закон за средно образование е целосно усогласен со Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| асистенти | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Инклкузија на учениците со попречености (ангажирани образови асистенти, обуки за наставници и стручни соработници, поддршка во изработка на ИОП). | Во регионалните центри за стручно образование и обука во Охрид, Куманово и Тетово, во соработка со УНДП реализирани се обуки на инклузивните тимови во овие училишта.<br><br>Зголемен е бројот на доделени стипендии на ученици со попреченост вклучени во средното образование (164 стипендии за учебната 2023/2024 споредено со 120 стипендии во учебната 2022/2023 година). | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно стандардите за итеркултурно образование и Упатството за организирање на заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за интеркултурно | **Појдовна основа**<br>Во буџетот за 2023 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br>Донесено е Упатство за организирање на заеднички наставни часови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција. | **Мерката е реализирана**<br><br>На 1.11.2023 објавен е Јавниот повик на веб страната на МОН (и доставен по маил до сите училишта) со рок на аплицирање до 1.12.2023г. Примени се апликации од вкупно 177 училишта (138 училишта во партнерство и 39 училишта самостојно)..<br>МОН (Комисијата за меѓуетничка интеграција во образованието) во текот на месец септември спроведе прашалник во основните и средните училишта за собирање на податоци за спроведени активности за меѓуетничка интеграција на училиштата во 2022/2023 година, врз основа на кои изработен е сумарен извештај со наоди и препораки.<br><br>На 11.12.2023г. на јавен настан промовирани се наодите од Истражувањето за перцепциите, мислењата и ставовите за меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија. Извештајот со наодите е објавен и на веб страната на МОН. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| образование | | | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) , намалување на осипувањето и поддршка за надоместување на знаењето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Внесување на одредба во Законот за средно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани<br>- Доделување на стипендии за ученици од ранливи категории за учебната 2023/2024<br>- Ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми за учебната 2023/2024 | **Појдовна основа**<br>Во буџетот за 2023 г. предвидени се средства за доделување на стипендии на ученици Роми.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се стипендии за ученици Роми за учебната 2023/2024 година<br>Ангажирани се образовни медијатори за ученици Роми | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Во предлог Законот за средно образование внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и одредба за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми.<br><br>Владата на 180-та седница одржана на 22.8.2023 ја усвои Програмата за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година, со која се зголемени износите на стипендиите за ученици Роми и тоа за прва категорија од 2.200 мкд на 3.000 мкд, за втора категорија од 1.500 мкд на 2.300 мкд, за трета категорија од 1.200 мкд на 1.700 мкд, за четврта категорија од 800 мкд на 1.200 мкд месечно.<br><br>На 9.10.2023г. објавен е Конкурс за доделување на стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година, со рок на пријавување до 23.10.2023г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 16.11.2023г. Доделени се вкупно 894 стипендии (212 во прва категорија, 279 во втора категорија, 166 во трета категорија и 237 во четврта категорија). | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на наставните и дидактички материјали, развој на дигитални материјали за учење – донесување/ имплементација на ново законско решение**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа**<br>Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Учениците од средното образование имаат квалитетни наставни средства и | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>Со цел подигнување на квалитетот на содржината на учебниците како и подобрување на процесот на откуп и одобрување на учебници во основното и средното образование Министерството и Педагошката служба иницираа процес за изработка на нов Закон за учебници за основното и средното образование. На 20.1.2023 г. на веб страната на МОН објавен е повик до сите заинтересирани, да го разгледаат | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование<br>- Изработка и донесување на Концепција за учебници и други наставни и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали<br>- Изработка на наставни и дидактички материјали согласно новото законско решение | дидактички материјали како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование | постојното законско решение, кое е основа за изработка на нов закон и да дадат свои сугестии и предлози на електронската адреса kabinetmon@mon.gov.mk, најдоцна до 28.02.2023 година. На 9.3.2023 во просториите на МОН се одржа состанок на Работната група составена од претставници на повеќе институции и чинители на воспитно – образовниот процес, која започна да ја изготвува првата нацрт верзија на новиот Закон за учебници во основното и средното образование.<br><br>Во 2023 г одобрени се 114 нови учебници за средно образование.<br><br>Во текот на годината објавени се:<br>- 7 конкурси за учебници за основно и средно образовани<br>- 15 повици за авторски тимови за учебници за основно и средно образование,<br>- 21 јавен оглас за рецензенти за учебници за основно и средно образование.<br><br>Вкупниот број на испечатени и дистрибуирани учебници за средно образование во 2023 година изнесува 40.766, а согласно јавната набавка за откуп на учебници за средно образование, откупени и дистрибуирани се вкупно 64.587 учебници. | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во средното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Појдовна основа**<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование за кој во месец декември 2022 г. започната е јавна расправа<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>Изготвен е Каталог на акредитирани обуки<br>Имплементиран е системот за кариерен развој (објавен повик за ментори) | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесена е Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците во основните и средните училишта за 2023 година (Службен весник бр. 97/2023 од 9.5.2023г.)<br><br>Врз основа на Меморандум за соработка со Британски совет за професионален развој и обука на 500 наставници по англиски јазик од основните и средните училишта во земјата, во мецец јануари започнаа обуките (прв циклус). На 26.9.2023 објавен е нов повик за онлајн обука (втор циклус) на нова група на наставници по англиски јазик од јавните основни и средни училишта Повикот е објавен во рамки на проектот Future English Online Teacher Community, Обуката започна на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници<br>- Акредитацијата на програми за обука од страна на БРО | | 30.10.2023 и трае до 31.3.2024<br><br>Во вториот квартал МОН и УНИЦЕФ организираа работилници за јакнење на компетенциите на стручните соработници во училиштата (осум работилници во Охрид, Битола, Тетово, Куманово, Велес, Струмица и две во Скопје, во кои беа вклучени повеќе од 500 стручни соработници). Целта на работилниците е да се изгради заеднички одговор на последните случувања (насилство) и да се поттикне отворен разговор и клима на поддршка во училиштата.<br><br>Во месец јули, БРО на свијата веб страна и во печатените медиуми објави Јавен оглас за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија, со рок за поднесување на документацијата до 24.07.2023 година.<br><br>На 31.10.2023 БРО на својата веб страна и во печатените медиуми објави Јавен оглас за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија, на тема „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата со рок за поднесување на документацијата до 10.11.2023 година. | |
| **Мерка: Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | **Појдовна основа: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Конкурс за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | **Мерката е реализирана**<br><br>Конкурсот а е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023, со рок на аплиицирање до 15.112023г..<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 29.12.2023г. (доделена е една стипендија) | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Реформа на средното стручно образование | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка. Донесување/ имплементација на нов Закон за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усвојување на Законот од страна на Владата<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието<br>- Изготвување подзаконски акти за СОО кои произлегуваат од новиот закон | **Појдовна основа**<br>Подготвен е предлог нов текст на Законот за СОО и спроведена е јавна расправа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Системот на СОО брзо се приспособува на променливите потреби од вештини на пазарот на трудот<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за стручно обрзование и обука | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>Новиот предлог Законот за стручно образование и обука е во владина постапка на утврдување. | |
| **Мерка. Промотивни активности за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на консултации со бизнис заедницата во поглед на квотите за упис по определени профили<br>- Зајакнати капацитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование | **Показател за успешност:**<br>Компетенциите на учениците кои завршуваат СОО се во согласност со барањата на работодавачите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Реализирани промотивни активности за стручно образование и обука | **Мерката е реализирана**<br><br>На 6.2.2023г. во Куманово, МОН, коморите и локалните самоуправи го започнаа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2023/2024 година.<br><br>Дијалогот меѓу централната власт, локалните самоуправи и компаниите, се одвиваше во текот на месеците февруари и март, во сите региони во државата.<br><br>Одржани се голем број на работилници/обуки на локално ниво во насока на зајакнување на капацитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование<br><br>Како резултат на промотивните активности во учебната 2023/2024 има раст на бројот на средношколци во стручното образование, на сметка на гимназиското, така што оваа учебна година 67,3 проценти од средношколците учат во стручни училишта. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На 22.12.2023 на веб страната на МОН, објавени се резултатите за доделени 1500 стипендии за ученици/чки кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (освен ученици/чките од здравствените струки- од јавните средни училишта. за учебната 2023/2024 година (дуални паралелки)<br><br>На 27.12.2023г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување 500 (петстотини) стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование од здравствена струка (дуални паралелки од здравствена струка) за учебната 2023/2024 година, со рок на доставување на пријави до 11.1.2024г. | |
| **Мерка: Развиени се три регионални центри за средно стручно образование (во Југозападниот, Североисточниот и Полошкиот регион) целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реконструкција на регионалните центри<br>- Набавка на потребната опрема<br>- Спроведена обука за наставниот и стручниот кадар во регионалните центри | **Појдовна основа:**<br>Во месец декември 2020, донесени се Одлуките за основање на три регионални центри и започнати се постапки за нивна рекнструкција<br><br>**Показател за успешност:**<br>Развиени се трите регионални центри за средно стручно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се постапки за реконструкција и опремување на регионалните центри | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>Завршена е реконструкцијата на Државното училиште - Регионален центар за средно стручно образование и обука „Киро Бурназ", с.Долно Коњаре, Куманово<br><br>Продолжи реконструкцијата на Државното училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески", Охрид.<br><br>Во однос на регионалниот центар во Тетово, на 12.10.2023 објавен се постапки за реконструкција и надзор над реконструкција, согласно ЗЈН, со рок на поднесување на понуди до 15.11.2023. Во тек е евалуација на пристигнатите понуди.<br><br>На 198-та седница на Владата, одржана на 7.11.2023 усвоени се одлуки за основање на два нови регионални центри СОУ „Никола Карев" Струмица и СОУ „Коле Неделковски" Велес, кои | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | стапуваат на сила од 1.1.2024г.<br><br>Со поддршка на УНДП, Швајцарската амбасада (Проектот Образование за вработување) и ИПА Проект спроведени се обуки за наставниот и стручниот кадар во регионалните центри. | |
| **Мерка: Учење базирано на работа и дуално стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на Концептот за учење преку работа<br>- Изработка и донесување на наставни програми за дуално стручно образование, согласно утврдените профили (прилагодување на наставните програми за реализација според Дуален модел на СОО) | **Појдовна основа:**<br>Усвоен е Концепт за учење преку работа<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се наставните програми за стручно образование со зголемен обем на практично образование/обука кај работодавач (дуално образование) согласно утврдените профили | **Мерката е реализирана**<br><br>Уписната политика за учебната 2023-2024 е креирана преку социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“. Согласно Конкурсот за упис во учебната 2023/24 година во соработка со општините и компаниите во земјава се обезбедени 6475 слободни места во 259 паралелки во дуалното стручно образование. За споредба во учебната 2022-2023 отворени се 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11.<br><br>На 9.5.2023 г. доделени се грантови на конзорциуми составени од компании и образовни установи за стручно образование и обука, кои од „Регионалниот фонд за предизвици” добиваат средства за набавка на опрема што ќе служи за подготовка на учениците во практичниот дел од наставата. | |
| **Мерка: Мобилност на наставници и ученици од средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на средните стручни училишта на јавните повици од Националната агенција за европски образовани програми и мобилност | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Активно учество на средните училишта во Еразмус + Програмата за мобилност | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Спроведена е евалуација по Повикот за Клучна Акција 2 чиј рок на аплицирање траеше до 24.3.2023<br><br>На 14.9.2023 објавен е Јавен повик за Еразмус+ акредитација за 2023 година во областа на образованието за возрасни, стручното образование и обука и училишното образование.<br><br>На 21.9.2023 објавен е Јавен повик за активност за обука и соработка: Градење на капацитети на училиштата за програмата Еразмус+, обуки, интерактивни работилници, унапредување на вештини од различни региони во Република Северна Македонија. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На 4.10.2023 заврши рокот за пријавување за акциите KA210-SCH Партнерства од мал обем во полето Училишно образование и KA210-VET Партнерства од мал обем во полето Стручно образование и обука. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Подобрен ученички стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во ученичките домови (реконструкција на ученички домови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за реконструкција на ученички домови<br>- Реконструкција на ученички домови | **Појдовна основа**<br>Ученичките домови имаат потреба од реновирање и подобрување на условите за сместување на учениците<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите во ученичките домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се условите за престој на ученици во ученичките домови | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки (за 2023 година со бр.10-1243/1 од 31.1.2023 година, со кој е предвидена набавка на опрема за ученичките домови.<br><br>Продолжи реконструкцијата на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука).<br><br>Спроведена е постапка за реконструкција на ученички дом ДУД Мирка Гинова Битола, истата е завршена и избрана е фирма изведувач (21.12.2023). Активностите ќе започнат на терен во 2024г. | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за воспитниот кадар во ученичките домови за примена на современи методи за настава и воспитување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од реализирање на обука за воспитувачите во ученичките домови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите во ученичките домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведена е обука за воспитувачите од ученичките домови | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>На 20.3.2023 спроведена е обука за воспитувачи/стручни соработници од ученичките домови на тема „Со адолесцентите низ криза“ , во организација на Здружението на директорите од ученичките и студентските домови во Република Северна Македонија со поддршка на Заводот за унапредување на образованието и воспитанието на Република Србија и Здружението на психолози на Србија.<br><br>На 24.10.2023 на веб страната на МОН објавено е Известување за полагање стручен испит за воспитувачите и стручните соработници во јавните ученички домови, со рок на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | поднесување на пријави до 13.11.2023г. | |
| **Мерка: Систем на стипендирање на ученици (талентирани ученици, ученици од социјално ранливи категории, ученици Роми, ученици на Спортска академија, ученици со посебни образовни потреби......)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Одлука за видот и износот на ученичките стипендии од страна на Владата<br>- Објавување на Конкурс за доделување на ученички стипендии за учебната 2023/2024, Конкурс за стипендии за Спортска академија и Конкурс за музички инструменти<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | **Појдовна основа**<br>Законот за ученички стандард, дава законски основ за доделување на стипендии на ученици<br><br>**Показател за успешност:**<br>Доделени се стипендии за ученици по различни основи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се конкурсите за доделување на стипендии на ученици за учебната 2023/2024 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Владата на 180-та седница одржана на 22.8.2023 ја усвои Програмата за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година, со која се зголемени износите на стипендиите за ученици Роми и воведена е нова категорија на стипендии за ученици запишани на наставни програми од шумарско - дрвопреработувачка струка.<br><br>На 187- та седница на Владата, одржана на 26.9.2023г. ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и височината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта за учебната 2023/2024 година.<br><br>Од 1 до 30 септември траеше постапката за продолжување на правото на користење на ученички стипендии стекнати во минатата уебна година, по пат на електронско пријавување (прикачување на потврда за редовност и последно свидетелство). На иницијатива на МОН, корисниците на ученички стипендии кои се стекнале со ова право во некоја од изминатите учебни години и имаа активни договори за користење на стипендијата, добиваат зголемен месечен износ, идентичен на износот кој го добиваат новите стипендисти. Исплатата се реализира и ретроактивно. За да го остварат правото на зголемен месечен износ на стипендија, постојните стипендисти со активен договор МОН објави на својата веб страна анекс на договорот за соодветната стипендија, кој учениците го потпишуваа и доставуваа до МОН до 17.3.2023 година.<br><br>На 27.9.2023 г. објавени се Конкурсите за доделување на стипендии за Спортска академија и Математичко-инфоратичка гимназија, со рок на пријавување од 2.10 до 13.10.2023г. Резултатите од Конкурсите за доделување на стипендии за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Математичко информатичка гимназија (доделени 43 стипендии) и за Спортска академија (доделени 167 стипендии) објавени се на веб страната на МОН на 13.11.2023г.<br><br>На 9.10.2023 г. објавен е Конкурс за доделување на стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година, со рок на пријавување до 23.10.2023г. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 16.11.2023г. Доделени се вкупно 894 стипендии (212 во прва категорија, 279 во втора категорија, 166 во трета категорија и 237 во четврта категорија).<br><br>На 18.10.2023 г. објавени се Конкурсите за доделување на ученички стипендии за учебната 2023-2024 година, со рок на пријавување до 1.11.2023: Резултатите од Конкурсите за ученички стипендии се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2023г . До 29.12.2023 учениците имаа рок за доставување на потпишани договори. Резултатите од Конкурсите за ученички стипендии за дуалните паралелки се објавени на веб страната на МОН на 22.12.2023, со рок на доставување на потпишани договори до 10.1.2024г.<br><br>На 2.11.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за поврат на средства за купен музички инструмент за учебната 2023/2024 година, со рок на пријавување од 60 дена.<br><br>На 27.12.2023г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување 500 (петстотини) стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование од здравствена струка (дуални паралелки од здравствена струка) за учебната 2023/2024 година, со рок на доставување на пријави до 11.1.2024г. | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Донесување на нова Концепција за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на предлог Концепција за средно образование<br>- Јавна расправа по однос на предлог Концепцијата<br>- Донесување на Концепцијата | Концепцијата ќе биде изготвен по донесување на новиот Закон за средно образование, кој е во владина постапка за утврдување. | | |
| **Мерка: Изработка на Национални стандарди за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Национални стандарди<br>- Усогласување на предлог-Националните стандарди со сите засегнати страни<br>- Утврдување на Националните стандарди од страна на министерот | Стандардите ќе бидат изготвени по донесување на новиот Закон за средно образование, кој е во владина постапка за утврдување. | | |
| **Мерка: Изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во средните училишта**<br><br>Предвидени активности:<br>- Во Законот за средно образование внесен е основ за | Упатството ќе биде изготвено по донесување на новиот Закон за средно образование, кој е во владина постапка за утврдување. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изработка и донесување на Упатство<br>- Изработка и донесување на Упатство | | | |
| **Мерка: Анализа и изработка на нови наставни програми за средно образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нови наставни програми (согласно Концепцијата за средно образование) кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. | Новите наставни програми ќе бидат изработени и донесени по донесување на Националните стандарди за постигнување на учениците кои ќе бидат изготвени по донесување на новиот Закон за средно образование, кој е во владина постапка за утврдување. | | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на јавен повик за напредување во звање<br>- Формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата ментор<br>- Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата | Во новиот предлог Закон за средно образование е внесен основ за уредување на постапката за начинот на следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручние соработници во средните училишта.<br><br>Повикот ќе биде објавен по донесување на новиот Закон за средно образование, кој е во владина постапка за утврдување и подзаконскот акт за начинот на следење и вреднување на работата од страна на БРО. | | |
| **Мерка. Имплементација на новата формула за финансирање на средните училишта (зајакнување на капацитетите на општините)** | Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на седницата одржана на 27.10.2023 даде согласност на предлог -уредбата за | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Воспоставување на Опсерваторијата на вештини<br>- Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за средно образование по општини за 2023 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование 2023-2026 година | утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за средно образование по општини за 2024 година, врз основа на старата методологија (предложена од МОН) со забелешка во наредниот период да се развие нов концепт за финансирање на средното образование. | | |
| **Мерка Изработка и донесување на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во ученички домови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Во Законот за ученички стандард (Закон за млади) внесен е основ за изработка и донесување на Упатство<br>- Изработка и донесување на Упатство | Не се донеени измени на Законот за ученички стандард, односно не е донесен нов Закон за млади | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН:** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Зголемен износ на ученички стипендии** | На иницијатива на МОН, корисниците на ученички стипендии кои се стекнале со ова право во некоја од изминатите учебни години и имаа активни договори за користење на стипендијата, добиваат зголемен месечен износ, идентичен на износот кој го добиваат новите стипендисти. Исплатата се реализира и ретроактивно.<br><br>За да го остварат правото на зголемен месечен износ на стипендија, постојните стипендисти со активен договор МОН објави на својата веб страна анекс на договорот за соодветната стипендија, кој учениците го потпишуваа и доставуваа до МОН до 17.3.2023 година. | | |
| **Зголемени се платите на наставниците и останатте вработени во училиштата од месец септември, за 15%** | На 22.9.2023 министерот за образование и наука и претседателот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура, потпишаа спогодба која предвидува зголемување на платите на вработените во основните и средните училишта за 15%, почнувајќи од месец септември. | | |
| **Финансиска поддршка на учениците од средните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари.** | Врз основа на Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник бр.269/2023 од 18.12.2023) на 18.12.2023 МОН објави Јавен повик за финансиска поддршка за учениците од средните училишта чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето плата до 50.000 денари.<br><br>За добивање на финансиска поддршка | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | кандидатите се пријавуваа во училиштето во кое ученикот е запишан со рок на пријавување до 24.12.202г. Финансиската поддршка изнесува 1800 денари месечно. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД<br><br>**Потпрограми:**<br>• Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование<br>• Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование<br>• Студентски стандард | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување квалитетно и инклзуивно високо образование и унапредување на студентскиот стандард | **Одговорен:** Сектор за високо образование, Одделение за студентски стандард |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование | | | |
| **Мерка: Изготвување на предлог Национална програма за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти. | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Програма | **Показател за успешност:**<br>Донесена е Националната програма за високото образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвена предлог Национална програма | високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ | |
| **Мерка: Донесување на Правилник за содржината на студиските програми, во согласност со Законот за високото образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог правилник од страна на Националниот совет<br>- Донесување на Правилникот од страна на Националниот совет | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени се подзаконските акти на предлог на Националниот совет<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен Правилник за содржината на студиските програми | **Мерката е реализирана**<br><br>Правилникот за содржината на студиските програми е донесен од страна на Националниот совет, на седницата одржана на 30.3.2023г. (објавен во Службен весник бр. 79/23 од 12.4.2023г.) | |
| **Мерка: Донесување на Правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи, во согласност со Законот за високото образование**<br><br>Предвидени активности<br>- Изготвување на предлог правилник<br>- Донесување на Правилникот од страна на Националниот совет | **Појдовна основа**<br>Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност.<br><br>Конститутивната седница на Националниот совет се одржа на | **Мерката е реализирана**<br><br>Правилникот е донесен од страна на Националниот совет, на седницата одржана на 1.6.2023г. (објавен во Службен весник бр. 125/23 од 15.6.2023г.) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 10.6.2021 г.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени се подзаконските акти на предлог на Националниот совет<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен Правилник за содржината на студиските програми | | |
| **Мерка: Донесување на Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог уредбата од страна на Националниот совет<br>- Донесување на Уредбата од страна на Владата | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени се подзаконските акти на предлог на Националниот совет<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Уредба за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) според МФК | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>Од страна на Националниот совет изработена е презентација за пристап кон определување на III ниво - Области по Фраскати, 2015, која е јавно ојавена на веб страната на советот<br><br>Предлог уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области), како дополнување на двете нивоа на Меѓународната фраскатиева класификација е во владина постапка на усвојување. | |
| **Мерка: Формирање на стручни комисии за надворешна евалуација со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование** (ENQA).<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):** | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>На 10.4.2023 на веб страната на Агенцијата објавен е Конкурс за избор на странски есперти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми (со рок на пријавување од 30 дена).<br><br>На 11.4.2023 на веб страната на Агенцијата објавен е Конкурс за избор на студенти за спроведување на надворешна евалуација на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Номинирање на членови во стручните комисии<br>- Формирање на стручните комсии од страна на Агенцијата за квалитет | Формирани стручни комисии за надворешна евалуација | високообразовните установи и студиските програми (со рок на пријавување од 30 дена).<br><br>На веб страната на Агенцијата објавен е Регистар на странски есперти (29 експерти) и Регистар на студенти (10 студенти) за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми.<br><br>Во владина постапка доставена е Информација за потребата од отпочнување постапка за вршење на надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, со задолжение Одборот за евалуација на високото образование, да формира стурчни комисии и во рок од 30 дена да започне со спроведување на постапки на надворешна евалуација. | |
| **Мерка: Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации – RCC<br>- Редовно ажурирање на заедничкиот информациски систем | **Појдовна основа**<br>Во месец јули 2019, претседателите на Владите од шесте земји на Западен Балкан за усвоија Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации.<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации | **Мерката континуирано се спроведува**<br>На 30 и 31 јануари, во Подгорица, се одржа обука за користење на Регионалната дата база за признавање, на која учествуваа и претставници од МОН. На 28 и 29 март во Белград се одржа состанок на Работната група за признавање на академски квалификации, на кој учествуваше и претставник од МОН.<br><br>Владата на 135-та седниица одржана на 14.3.2023г. го утврди текстот на предлог Законот за ратификација на Договорот за признавање на високообразовните квалификации во Западен Балкан,. Законот е усвоен од страна на Собранието (Службен весник бр.87 од 25.4.2023). МОН достави известување до RCC за номинација на контакт лица одговорни за имплементација на Договорот (две од МОН и едно лице од Агенцијата за квалитет во високото образование).<br><br>Владата на 194-та седница, одржана на 24.10.2023г. го прифати предлог Договор за пристап до студии и прием на високобразовани установи во Западен Балкан (подготвен од страна на RCC) и ја усвои Информацијата за именување на преговарач и заменик преговарач од МОН. | |

| ПОТПРОГРАМА 3: Студентски стандард | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во студентските домови (реконструкција на студентски домови) и високо-образовни установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Завршување со изградба на студентски дом во Тетово<br>- Спроведување на постапка за реконструкција на студентските домови од аспект на енергетска ефикасност<br>- Продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје | **Појдовна основа**<br>Склучен е договор за заем со KFW Банката за реконструкција на домовите во насока на обезбедување на енергетски ефикасни домови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реконструирани се три државни студентски дома и завршена е изградбата на еден нов студентски дом<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започнати се постапки (градежни зафати) за енергетски ефикасна реконструкција на студентски домови | **Мерката е делумно реализирана**<br><br>Завршена е целосно постапката за изградба и опремување на новиот студентскиот дом во комплексот на Државниот универзитет во Тетово. На 1.11.2023 започна сместувањето на студентите.<br><br>Во рамки на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW, заврши втората фаза од меѓународната тендерска постапка за избор на компанија/ии за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови. На 29.12.2023 склучен е договор за реконструкција на студентските домови „Стив Наумов“ и „Кузман Јосифовски Питу“, во вредност од 17 милиони евра. Активностите на терен ќе започнат во месец јануари 2024 со рок на изведба од 18 месеци.<br><br>Не се објавени нови постапки за:<br>- Изградба на објект подземни гаражи и партерно уредување за Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ во Скопје (ФИНКИ)<br>- Изградба на објект Факулт за физичко образование спорт и здравје при УКИМ во Скопје (ФФОСЗ) | |
| **Мерка: Доделување на стипендии на студенти (студенти со висок просек, студенти од ранливи категории, студенти Роми, студенти од студиски програми математика, физика, хемија, студенти од наставнички факултети...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени стипендии за академската 2023/2024 година | **Мерката е реализирана**<br><br>На 8.8.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2023/2024 година, со рок на пријавување до 31.8.2023г. Резулттаите од конкурсот се објавени на 27.9.2023г. На 209-та седница на Владата, одржана на 19.12.2023 донесена е Одлука за изменување на одлуката за доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| доделување на студентски стипендии за академската 2023/2024<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | | Северна Македонија за студиската 2023/2024 година, со која се зголемува бројот на стипендии од 50 на 57.<br><br>Конкурс за студентски стипендии во земјата е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023, со рок на аплицирање до 15.112023г.. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 29.12.2023г.<br><br>Конкрсот за стипендии за студенти Роми е објавен на 26.10.2023 со рок на пријавување до 12.11.2023г. Резулттаите се објавени на веб страната на МОН на 13.12.2023. Доделени се стипендии на 122 студенти Роми (55 на прва година на студии, нови стипендисти и 67 на повисоките студентски години). | |
| **Мерка: Имплементација на Законот за субвенциониран студентски оброк**<br><br>Предвидени активности :<br>- Редовна (месечна) објава на јавниот повик за субвенциониран студентски одброк<br>- Обработка на пристигнатите апликации<br>- Склучување на договори<br>- Подготовка на измени и дополнувања на Законот за субвенциониран студентски оброк | **Појдовна основа:**<br>Со студентските здруженија договорено е да се подготват измени и дополнувања на Законот за субвенциониран студентски оброк<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се инфраструктурните услови на високо-образовните установи за пристап на студентите со попреченост<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се повици за остварување на правото на субвенциониран студентски оброк<br><br>Подготвен е нов предлог Закон за измени и дополнувања на Законот за субвенциониран студентски оброк | **Мерката е реализирана**<br><br>Од страна на Собранието донесени се измените на законско решение со кои се обезбедува ново системско решение, зголемување на износот на оброкот од 120 на 140 денари на ден, редовна исплата и регулирање на основот за кој средствата можат да се искористат. Измените се објавени во Службен весник бр.91/2023 од 28.4.2023г.<br><br>Спроведен е постапка за склучување на нефинансиски договор за имплементација на законското решение за субвенциониран студентски оброк (издавање на картички од страна на банка со кои ќе може да се реализира оброкот на дневна основа). Склучен е договор со Шпаркасе банка, како и Протокол за размена на податоци. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Мерка: Изготвување на Извештај за развојот на високото образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Извештај за развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност, кој ќе биде основа за понатамошна изработка на Националната програма | На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ | | |
| **Мерка: Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапката согласно ЗЈН за избор на правни лице за спроведување на постапката за рангирање<br>- Рангирање на универзитетите | Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2023 година со бр.10-1243/1 од 31.1.2023 година, во кој е предвидена и набавка на услуга за рангирање на високообразовните установи, за месец ноември 2023<br><br>На 11.9.2023 донесена е Одлука за поништување на постапката за набавка на услуга за рангирање на јавни и приватни високообразовни установи во Република Северна Македонија, запишани во регистарот на високообразовни установи (објавена на 3.7.2023). | | |
| **Мерка: Донесување на Уредбата, согласно Законот за високо образование за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани** | Уредбата е доставена во владина процедура во 2022г. но не е донесена од страна на Владата, поради неусогласеност со забелешките од СЗ | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите, која ја донесува Владата**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Уредбата од страна на Владата | (стипендиите за талентирани студенти се уредени со Правилникот за доделување на стипендии во земјата согласно Законот за студентскиот стандард). | | |
| **Мерка: Изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на студент жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во студентските домови, и обука на директорите и воспитувачите во студентските домови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Во Законот за студентски стандард (Закон за млади) внесен е основ за изработка и донесување на Упатство<br>- Изработка и донесување на Упатство | Не е донесен Закон за млади, ниту измени и дополнување на Законот за студентски стандард со цел внесување на одредба за изработка и донесување на ова Упатство. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ:** | | | |
| **Зголемен износ на студентски стипендии** | На иницијатива на МОН, корисниците на студентски стипендии кои се стекнале со ова право во некоја од изминатите академски години и имаа активни договори за користење на стипендијата, од оваа година ќе добиваат зголемен месечен износ, идентичен на износот кој го добиваат новите стипендисти. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | За да го остварат правото на зголемен месечен износ на стипендија, постојните стипендисти со активен договор МОН објави на својата веб страна анекс на договорот за соодветната стипендија, кој студентите го потпишуваа и доставуваа до МОН до 17.3.2023 година. | | |
| **Финансиска поддршка на студенти кои живеат надвор од местото на студирање за академската 2023/2024 година** | Врз основа на Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник бр.269/2023 од 18.12.2023) на 18.12.2023 МОН објави Јавен повик за остварување финансиска поддршка на студенти кои живеат надвор од местото на студирање за академската 2023/2024 година. За добивање на финансиска поддршка кандидатите се пријавуваа електронски, на следниот линк: https://e-uslugi.mon.gov.mk, со рок на пријавување до 24.12.202г.<br><br>Стекнување за финансиска поддршка за корисниците, е во висина на месечниот билет за меѓуградски сообраќај од местото на живеење на студентот до местото на студирање, во износ не помал од 600 денари и не поголем од 1.200 денари месечно, за период од седум месеци, започнувајќи од месец декември 2023 година. | | |

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | Унапредување на човечкиот капитал, зголемување на инвестициите во науката, |

<table>
<tr><td colspan="2">Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:</td><td colspan="2">истражувањето и иновациите<br>• Зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на програма/потпрограма: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ<br>Потпрограми:<br>• Ревизија на правната рамка за истражување и развој<br>• Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност<br>• Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување</td><td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Меѓународна афирмација на науката и иновациите во контекст на европската интеграција на Република Северна Македонија</td><td>Одговорен:<br>Сектор за наука и иновации<br>Сектор за меѓународна соработка</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој</td></tr>
<tr><td>Мерка: Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3)<br><br>Предвидени активности за прв квартал:<br>- Редовни состаноци на Работната група за изработка на Стратегијата за паметна специјализација за истражување и иновации<br>- Изработка на предлог Стратегија<br>- Јавна расправа по предлог Стратегијата<br>- Донесување на стратегијата</td><td>Појдовна основа<br>Во завршна фаза е изработката на Стратегијата за паметна специјализација<br><br>Показател за успешност:<br>Изготвена Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3) и обезбедени се средства за нејзина имплементација<br><br>Планиран резултат (одредница на годишно ниво):<br>Изготвена Стратегија за паметна специјализација</td><td>Мерката е реализирана<br><br>Изготвена е предлог Стратегија за паметна специјализација и истата на 17.11.2023 е јавно објавена за консултација со сите засегнати страни (објавена е и на веб страната на МОН)<br><br>Стратегијата за паметна специјализација 2023-2027 со Акциски план 2024-2025 е усвоена/донесена на 207-та седница на Владата, одржана на 12.12.2023г.</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност | | | |
| **Мерка: Национална програма за научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Национална програма за научно-истражувачката дејност | **Појдовна основа**<br>Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 април 2021 година, донесе Одлука за избор на членови на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност. Конститутивната седница на Националниот совет се одржа на 10.6.2021 г.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементирана е Националната програма за научно-истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изработен Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност и сите подзаконски акти предвидени со Законот за високото образование | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за научно-истражувачка дејност, и Уредба за финансирање на научно-истражувачката дејност. | |
| **Мерка: Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Уредба од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност | **Појдовна основа**<br>Научните установи се финансираат според застарена методологија.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесена е Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за научно-истражувачка дејност, и Уредба за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изработка на нов модел за финансирање на научните установи | финансирање на научно-истражувачката дејност. | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство и за организирање на научни собири во земјата како и за студиски престои во странство**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се јавните повици за доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата | **Мерката е реализирана**<br><br>На 6.10.2023 на веб страната на МОН, објавен е Конкурсот за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2023 година, со рок на пријавување до 30.11.2023г. Согласно Конкурсот, од доставените 18 пријави прифатени се 16 пријави.<br><br>На 6.10.2023 на веб страната на МОН, објавен е Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2023 година со рок на пријавување до 30.11.2023г. Согласно Конкурсот, од доставените 9 пријави прифатени се 6 пријави.<br><br>На 6.10.2023 на веб страната на МОН, објавен е Конкрсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2023 година, со рок на пријавување до 30.11.2023г. Согласно Конкурсот, од доставените 79 пријави прифатени се 69 пријави. | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание | **Мерката е реализирана**<br><br>На 5.5.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавниот конкурс за доделување еднократна награда во висина на една просечна нето плата исплатена во последниот месец во Република Северна Македонија на наставниците и соработниците избрани на високообразовните/научните установи во Република Северна Македонија кои објавиле научен труд во списанија со фактор на влијание, реферирани во базите Web of Science на Clarivate Analytics (претходно Thomson Reuters) или CiteScore на Scopus од Elsevier, за труд објавен во 2022г. Јавниот конкурс траеше до 1.10.2023 г. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание | За прв пат аплицирањето е електронски, за што е подготвена е-апликација на http://e uslugi.mon.gov.mk.<br><br>Прифатени научно-истражувачки трудови кои ги исполнуваат условите согласно конкурсот се 361. Според научни подрачја се финансираат научно-истражувачки трудови од: „Природно-математички науки“-66, „Техничко-технолошко науки“-79, научно подрачје на „Медицинските науки и здравје“ -63 „Биотехнички науки“-90, научно подрачје на „Општествените науки“-58 и научно подрачје на „Хуманистичките науки“-5. Одбиени научно-истражувачки трудови кои не ги исполнуваат условите согласно конкурсот се 16. Според научни подрачја од: „Природно-математички науки“-3, научно подрачје на „Медицинските науки и здравје“ -3 „Биотехнички науки“-2, научно подрачје на „Општествените науки“-5 и научно подрачје на „Хуманистичките науки“-3. | |
| **Мерка: Доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс | **Мерката е реализирана**<br><br>На 5.5.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавниот конкурс за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во 2022 година, со рок на пријавување до 15.7.2023 г,<br><br>За прв пат аплицирањето е електронски, за што е подготвена е-апликација на http://e uslugi.mon.gov.mk.<br><br>На 26.5.2023 на веб страната на МОН објавено е Решението за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во 2021 година (одобрени се 9 апликации).<br><br>Завршена е постапката по Јавниот конкурс за надомест на средствата платени за објавување на научни трудови во 2022 година. Одобрени и исплатени се 25 апликации. | |
| **Мерка: Доделување на стипендии за втор и трет циклус на студии во** | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка | Стипендиите за академската 2022/2023 редовно се исплаќаа | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **земјава и во странство**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовна исплата на доделените стипендии<br>- Објава на конкурс за академската 2023/2024<br>- Формирање на комисија за избор<br>- Објава на ранг листа<br>- Склучување на договори и исплата на стипендии | дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се стипендии за втор и трет циклус во земјата | На веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување пет стипендии за академски студии од втор циклус во странство за академската 2023-2024 година. По однос на Конкурсот не е доделена ниту една стипендија, поради неисполнетост на условите од страна на кандидатите<br><br>На 6.7.2023г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување стипендии „Борис Трајковски" за студии од втор циклус за пан-европската извршна МБА програма на Универзитетот Јорк за академската 2023/2024 година. На 24.10.2023г. соопштени се резултатите по Конкурсот за доделување стипендии „Борис Трајковски" и склучени се договори со добитниците на стипендии.<br><br>Подготвени се предлог Конкурсите за доделување на стипендии за втор и трет циклус во земјата. Истите се објавени на веб страната на МОН на 3.1.2024г. | |
| **Мерка: Распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи, по пат на Конкурс**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовна исплата на повеќегодишните проекти на ЈНУ доделени во 2021 | **Појдовна основа**<br>Во 2021 година спроведени се повици за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи и за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Распределени се средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи | **Мерката континуирано се спроведуваше**<br><br>Се спроведуваа редовно активностите од страна на јавните научни установи согласно потпишаните Договори со МОН. | |
| **Мерка: Распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес (поддршка за развој на лабораториски ресурси)** | **Појдовна основа**<br>Во 2021 година спроведени се повици за финансирање на научно-истражувачки проекти на Јавните научни установи и за финансирање на научно-истражувачки проекти од | **Мерката континуирано се спроведуваше**<br><br>Се спроведуваа редовно активностите од страна на високо-образовните установи согласно потпишаните Договори со МОН. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности<br>- Редовна исплата на повеќегодишните проекти од посебен и јавен интерес, доделени во 2021 | посебен и јавен интерес.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Распределени се средства за финансирање на научно-истражувачки проекти од посебен и јавен интерес | На 10.10.2023 на веб страната на МОН објавен е Отворен повик за избор на рецензенти кои ќе ги евалуираат реализираните проекти по објавениот Конкурс за финансирање на научно -истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година ( поддршка за развој на лабораториски ресурси), со краен рок за доставување на пријави до 20.11.2023г.<br><br>Претставници од МОН реализираа неколку посети на високо-образовните установи во периодот ноември-декември 2023г. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување | | | |
| **Мерка:** Промоција на работните програми и повици во рамки на програмата за истражување и иновации „Хоризонт Европа“<br><br>Предвидени активности:<br>- Консултативно-советодавни средби со академската и бизнис заедницата<br>- Редовна објава на повиците на веб страната на МОН | **Појдовна основа**<br>Република Северна Македонија, во 2021 г. склучи договор за учество во Програмата Хоризонт Европа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Активно учество во работата на телата на Европската истражувачка област (European Research Area – ERA) и во Програмските комитети на Хоризонт Европа<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Зголемен процент на искористеност на средствата од Програмата Хоризонт Европа | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Редовно се следат отворените повици во рамки на програмата „Хоризонт Европа“ и истите се доставуваат до академската и бизнис заедница.<br><br>На 1.8.2023г. и 25.9.2023 на веб страната на МОН објавени се повици за пријавување на обуки и онлај работилници за Програмата Хоризонт Европа., кои се реализираа во месец октомври 2023г.<br><br>На 31.10.2023г. на веб странаа=та на МОН објавено е соопштение за Инфо настан за размена на истражувачки кадар меѓу земјите од Западен Балка преку Мари Склодовска – Кири акции за мобилност во рамки на програмата Хоризонт Европа.<br><br>На 20.10.2023г. на веб страната на МОН објавено е соопштение за Инфо ден за програмата COST - European Cooperation in Science and Technology.<br><br>На 15.12.2023 година на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот„Св. Климент Охридски“ – Битола, претставници од МОН на педесетина учесници им ги презентираа можностите за учество во програмите Horizon Europe, COST и CEEPUS. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | На 21.12.2023 година во Ректоратот на УКИМ, претставници од МОН, на ректорите и проректорите за наука и меѓународна соработка при универзитетот им ги презентираа можностите за учество во програмите Horizon Europe, COST и CEEPUS. | |
| **Мерка: Поддршка во работењето на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на состаноците на Управниот комитет на Институтот | **Појдовна основа**<br>Република Северна Македонија е учесник во Регионалниот проект на ЈИЕ, за основање на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Активно учество во работењето на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST)<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Интензивирање на активностите на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST) | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>На 2.3.2023 во Скопје се одржа седница на Управниот комитет на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEIIST), на која присуствуваше и министерот за образование и наука.<br><br>Во владина постапка е Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во активностите на проектот за изградба на SEEIIST на територијата на Република Северна Македонија, донесе одлука за поднесување на апликација – кандидатура за добивање на локацијата за изградба на повикот, кој ќе биде објавен за 3-6 месеци, за да стане држава - домаќин на SEEIIST. Истовремено го задолжи Министерството за транспорт и врски да најде и да предложи локација во близина на Клиничкиот центар или некоја поголема болница во Скопје, со површина од минимум 30.000 м2 (150x200)м, со намена за градба на здравствен или едукуативно-научен објект и го задолжи МОН да започне со финансирање на: (а) стручни/научни престои на наши научници од релевантните подрачја во CERN или во некој од центрите за хадронска терапија; (б) стипендирање на домашни млади кадри за изучување на областите поврзани со истражувањата во SEEIIST, согласно Договорот кој Владата на Република Северна Македонија го потпиша со CERN, во 2020 година. | |
| **Мерка: Финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти**<br><br>Предвидени активности:<br>- Финансирање на веќе одобрените проекти | **Појдовна основа**<br>Склучени се договори со неколку земји за финансирање на заедничко билатерални научно-истражувачки проекти<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Во однос на билатералната соработка со Австрија, континуирано се спроведува 14-те проекти за периодот 2022-2023 година.<br><br>На 25.4.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Склучување на Договор со нови земји за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти<br>- Објава на повик за финансирање на нови проекти, врз основа на веќе склучени договори | Зголемен е бројот на финансирани билатерални научно-истражувачки проекти;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени повици за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти | заеднички научно-истражувачки проекти помеѓу Северна Македонија и Австрија за периодот 2024 – 2025 година со рок на пријавување до 13.6.2023г. На 15.9.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавен оглас за избор на рецензенти кои ќе ги рецензираат проектите по објавениот Конкурс со рок на пријавување до 25.9.2023г. На 25.12.2023 на веб страната на МОН објавена е Финална листа на билатерални научно-истражувачки проекти меѓу Република Северна Македонија и Сојузна Република Австрија кои ќе се финансираат во периодот 2024-2025 година. Одобрени се 17 проекти<br><br>По однос на Договорот за соработка за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти помеѓу Република Северна Македонија (МОН) и Република Франција (Француски институт) се уште се очекува финално одобрување на текстот од француската страна.<br><br>Обезбедени се финасиски средства во буџетот на МОН за објавување на Повикот за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти со НР Кина за периодот 2024-2025 година. Во тек е постапка на преговори со НР Кина | |
| **Мерка: Учество во Работната група на RCC за отворена наука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија е член на Работната група во рамки на RCC за отворена наука<br><br>**Показател за успешност:**<br>Активно учество во иницијативите на RCC за иновации и истражување<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Редовно учество на состаноците на Работната група за отворена наука (RCC) | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Во четвртиот квартал (14 и 15 ноември) се одржа состанок на Работната група на RCC за отворена наука, во Скопје, на кој присуствуваа и претставниците од МОН. | |
| **Мерка: Поддршка во активностите на EOSC политиките за отворена наука** | **Појдовна основа:** | **Мерката континуирано се спроведува** | |

<table>
<tr><td>Предвидени активности:<br>- Учество на состаноците на Управниот одбор на EOSC и исплата на членарина</td><td>Република Северна Македонија учествува во Управниот одбор на EOSC со двајца номинирани претставници од Министерството за образование и наука<br><br>Показател за успешност:<br>Активно учество во иницијативите на EOSC политиките за отворена наука<br><br>Планиран резултат (одредница на годишно ниво):<br>Редовно учество на состаноците на EOSC Steering Board</td><td>Одржани се неколку состаноци на Управниот одбор на EOSC на кои учествуваа претставниците номирани од МОН. Од страна на МОН потпишано е мандатно писмо за ФИНКИ, со цел зачленување во EOSC Асоцијацијата<br><br>На 11.9.2023 во Охрид, во организација на ФИНКИ се одржа работилница за примената на платформата „Европски облак за отворена наука“ - платформа која интегрира, односно обезбедува пристап до различни бази на податоци креирани од институции или пак од самите научници, а кои можат да послужат во реализацијата и развојот на научно – истражувачката дејност. на која, учествуваа околу 100 учесници од земјите од Западен Балкан и Украина.<br><br>На 12.12.2023 МОН објави јавен повик за сите истражувачи од јавните универзитети и јавните научни установи кои се заинтересирани да учествуваат во Еврипските истражувачки акции (ERA). Првата акција е посветена на отворена наука: “Enable Open Science, including through the European Open Science Cloud (EOSC)”<br><br>Редовно се одржуваа и состаноци на ERA Forum, на кои учествуваа претставници од МОН.</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="4">ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Образложение</td><td>Влијание</td><td>Препорака</td></tr>
<tr><td>Мерка: Донесување на нов Закон за научно-истражувачка дејност<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог-закон<br>- Консултација со научната јавност</td><td>Не е подготвен нов Закон за научно-истражувачката дејност</td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Донесување на Законот од страна на Собранието | | | |
| **Мерка: Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Извештајот од страна на Националниот совет | На 3.11.2023г. одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на која присуствуваа претставници на владини институции, професори и експерти од областа на високото образование и науката, со која започна процесот на креирање четири стратешки документи, меѓу кои и Националната програма за научно-истражувачка дејност, и Уредба за финансирање на научно-истражувачката дејност. | | |
| **Мерка: Утврдување на приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој страна на Националниот совет<br>- Донесување на предлог приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој од страна на Владата | Не се утврдени приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој | | |
| **Мерка: Дефинирање критериуми за финансирање на националните истражувачки проекти во 2023** | Продолжија да се имплементираат и финансираат националните истражувачки проекти доделени во | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **година**<br><br>Предвидени активности:<br>- Дефинирање на предлог критериуми за финансирање на научно-истражувачки проекти врз основа на мислење од Националниот совет | 2021г.<br><br>На 10.10.2023 на веб страната на МОН објавен е Отворен повик за избор на рецензенти кои ќе ги евалуираат реализираните проекти по објавениот Конкурс за финансирање на научно - истражувачки проекти од посебен и јавен интерес за 2021 година Претставници од МОН реализираа неколку посети на високо-образовните установи во периодот ноември-декември 2023г. | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| Информација за Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во основните училишта и јавните средни училишта | Усвоена на 174-та седница на Владата, одржана на 25.7.2023 |
| Програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2023 година | Усвоена на 176-та седница на Владата, одржана на 1.8.2023 |
| Девет одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Сарај (таблет компјутери за основните училишта) | Усвоени на 180-та седница, одржана на 22.8.2023 |
| Одлука за основање на Државен студентски дом во Тетово | Усвоена на 180-та седница, одржана на 22.8.2023 |
| Програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година | Усвоена на 180-та седница, одржана на 22.8.2023 |
| Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор за Централноевропската програма за размена на универзитетски студии ЦЕЕПУС IV | Усвоена на 181-та седница, одржана на 29.8.2023 |
| Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог Решение | Усвоена на 181-та седница, одржана на 29.8.2023 |
| Информација за давање позитивно мислење за основање на општинско основно училиште со седиште во Визбегово, општина Бутел | Усвоена на 181-та седница, одржана на 29.8.2023 |
| Програма за изменување и дополнување на програата за научно-истражувачката дејност за 2023 | Донесена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |

| | |
|---|---|
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Сарај (мебел/наставна опрема) | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Лозово (мебел/наставна опрема) | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Одлука за давање согласност за бројот на студентите кои се запишуваат на трет циклус на студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово во академската 2023/2024 година | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани" во с. Ростуше, општина Маврово и Ростуше како и услуги за вршење стручно технички надзор врз адаптација и реконструкција на училишна зграда во ООУ „Хајан Селмани" во с. Ростуше, општина Маврово и Ростуше | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изработка на термо-техничка фасада во ООУ Ѓерг Кастриот Скендербеу, општина Арачиново | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија" во село Селце, општина Тетово, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз изградба на нов училишен објект за ООУ „Рилиндија" во село Селце, општина Тетово | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ – (средно училиште) Св. Наум Охридски, општина Охрид како и услуги за вршење стручно технички надзор врз реконструкција на училишен објект во ОЕМУЦ – Св. Наум Охридски, општина Охрид | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, општина Кичево, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, општина Кичево | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште општина Чучер Сандево, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз доградба на училишниот објект на ООУ Св.Кирил и Методиј во с.Кучевиште општина Чучер Сандево | Усвоена на 187-та седница, одржана на 26.9.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, општина Бутел, како и Услуги за вршење стручно технички надзор врз Доградба на училишен објект во ООУ Ацо Шопов, општина Бутел | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Доградба на ОУ Александар Урдаревски во општина Чучер Сандево, како и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Доградбата на ОУ Александар Урдаревски во општина Чучер Сандево | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на кровна конструкција ООУ „Истикбал" село Гајре, општина Тетово, како и Услуги за вршење стручно технички надзор врз Реконструкција на кровна конструкција ООУ „Истикбал" село Гајре, општина Тетово | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ Мурат Лабуништи, с.Лабуништа, општина Струга, како и Услуги | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |

| | |
|---|---|
| за вршење стручно-технички надзор врз Реконструкција на кровна конструкција, санација на тоалети и простории во подрумски дел во ООУ Мурат Лабуништи, с.Лабуништа, општина Струга | |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија с.Житоше, општина Долнени, како и Услуги за вршење стручно-технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ Лирија с.Житоше, општина Долнени | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Reконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев„ с.Василево, општина Василево, како и Услуги за вршење на стручно- технички надзор врз Реконструкција на училишен објект во ООУ „Гоце Делчев„ с.Василево, општина Василево | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на кров на ДМБУЦ "Илија Николовски - Луј", Град Скопје, како и Услуги за вршење на стручно-технички надзор врз Реконструкција на кров на ДМБУЦ "Илија Николовски - Луј", Град Скопје | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Извештај за извршени преговори и за потпишување на Договор за взаемно признавање на професионалните квалификации за медицински сестри, ветеринарни хирурзи, фармацевти и акушерки во контекст на Договорот за слободна трговска соработка на Централна Европа | Усвоени на 190-та седница, одржана на 10.10.2023 |
| Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основното училиште со ресурсен центар Маца Ѓорѓиева Овчарова Велес (таблети) | Усвоени на 193-та седница, одржана на 17.10.2023 |
| Предлог – одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Василево (таблети) | Усвоени на 193-та седница, одржана на 17.10.2023 |
| Предлог – одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Валандово (таблети) | Усвоени на 193-та седница, одржана на 17.10.2023 |
| Информација за поведување на постапка за водење на преговори за склучување договор за пристап до студии и прием на високо образование во Западен Балкан | Усвоена на 194-та седница, одржана на 24.10.2023 |
| Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Безбедност“ на Филозофски факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение | Усвоена на 196-та седница, одржана на 31.10.2023 |
| Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Зоотехника и агроменаџмент“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог - решение | Усвоена на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Никола Карев“ Струмица | Усвоена на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес | Усвоена на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Две одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Шуто Оризари (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Зелениково (таблети за | Усвоена на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |

| | |
|---|---|
| основните училишта) | |
| Пет одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Теарце (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Три одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Свети Николе (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Шест одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Желино (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Шест одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Струмица (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Четири одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Виница (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Три одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Студеничани (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Седум одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Велес (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Пет одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Радоиш (таблети за основните училишта) | Усвоени на 198-та седница, одржана на 7.11.2023 |
| Одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков" Кавадарци | Усвоена на 201-та седница, одржана на 21.11.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кров во училишен објект ООУ „Кирил и Методиј"- Кочани, општина Кочани, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз реконструкција | Усвоена на 201-та седница, одржана на 21.11.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на објект СОУ Коле Неделковски, општина Велес, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз реконструкција | Усвоена на 201-та седница, одржана на 21.11.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на кров во ООУ Тошо Велков – Пепето, општина Кавадарци, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз реконструкција на кров | Усвоена на 201-та седница, одржана на 21.11.2023 |
| Одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во учебната 2023/2024 година | Усвоена на 203-та седница, одржана на 28.11.2023 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија за науките и уметностите | Утврден на 203-та седница, одржана на 28.11.2023 |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година | Усвоена на 203-та седница, одржана на 28.11.2023 |

| | |
|---|---|
| Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје | Усвоена на 204-та седница, одржана на 6.12.2023 |
| Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, со Предлог-решение | Усвоена на 207-та седница, одржана на 12.12.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ Ариз Мена, село Мислодежда, Струга | Усвоена на 207-та седница, одржана на 12.12.2023 |
| Три одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Студеничани (опрема и мебел) | Усвоени на 207-та седница, одржана на 12.12.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на подрачно училиште во с.Корешница, Демир Капија, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз доградба | Усвоена на 207-та седница, одржана на 12.12.2023 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на О.У. Димче Ангелов Габерот, Демир Капија, како и услуги за вршење стручно технички надзор врз доградба | Усвоена на 207-та седница, одржана на 12.12.2023 |
| Програми за изменување на програмите за изградба и реконструкција на основни и средни училишта за 2023 година | Усвоени на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| Осум одлуки за доделување на средства на државните студентски домови | Донесени на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| 14 одлуки за доделување на средства на ученичките домови | Донесени на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| Одлука за изменување на Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија | Донесена на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година | Донесена на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| Информација за поврат на средства согласно извештај од ОЛАФ ОС/2019/0983/В4 (OLAF Final Report OC/2019/0983/B4, Pre-information letter prior to the recovery order) | Усвоена на 209-та седница, одржана на 19.12.2023 |
| 11 одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Струга (таблет компјутери) | Усвоени на 212-та седница, одржана на 26.12.2023 |
| Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“ Скопје | Усвоена на 212-та седница, одржана на 26.12.2023 |

### 2.3 В: Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Министерството за образование и наука

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година |

| |
|---|
| Согласно член 42 од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта во средствата за јавно информирање. При запишувањето во прва година учениците се определуваат за образование на одреден план и програма |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок |

| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
|---|---|
| Утврдување на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители | Утврден е бројот на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители (целосно усогласен согласно потребите на пазарот на трудот) |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | Објавен е Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2023/2024 година во средствата за јавно информирање во законскиот рок (31.3.2023 година на веб страната на МОН и во печатени медиуми) |

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови<br>Согласно член 27 од Законот за ученичкиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок |

| **Активност** | **Статус: Реализирано** |
|---|---|
| Усогласување на квотите со сите ученички домови | Усогласени се квотите со сите ученички домови |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | Објавен е Конкурсот во законскиот рок, во пишани медиуми и на веб страната на МОН на 31.3.2023 година |

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за стипендии за студенти кои студираат во странство (за некој од најдобрите универзитети во светот)<br>Согласно член 49 став 2 од Законот за студентскиот стандард и член 52 од Законот за научно-истражувачката дејност, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство |
| **Показател за успешност:** Објавени Конкурси на интернет страницата на МОН |

| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
|---|---|
| Изготвување на предлог Конкурси<br>Објава на Конкурси за студии од прв циклус<br>Објава на Конкурс за студии од втор и трет циклус | Донесен е Правилник за изменување на правилникот за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студенти кои студираат во странство (Службен весник бр.93/2023 од 2.5.2023), со кој се уредува начинот на рангирање на кандидатите при еднаков број на бодови.<br><br>Врз основа на измената на Правилникот на 8.5.2023 на веб страната на МОН објавен е |

| | |
|---|---|
| | Конкурс за доделување седум стипендии за академски студии од прв циклус во странство за академската 2023/2024 година, со рок за пријавување до 31.8.2023г.<br><br>По однос на Конкурсот за доделување пет стипендии за академски студии од втор циклус во странство за академската 2023-2024 година, не е доделена ниту една стипендија, поради неисполнетост на условите од страна на кандидатите. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки<br><br>Согласно член 45 од Законот за основното образование и член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик за основно образование и Јавен повик за средно образование | Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, во основно образование е објавен на веб странатa на МОН на 23.2.2023г. со рок на пријавување до 31.8.2023г. Одообрени се награди за 5 учесници<br><br>Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование е објавен на веб странатa на МОН на 22.3.2023г. со рок на пријавување до 31.8.2023г. Одообрени се награди за 13 учесници |
| Објава на Јавните повици на интернет страницата на МОН и нивно проследување до сите училишта | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар (за трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар)<br><br>Согласно член 45 од Законот за основното образование Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, во првите три месеци од годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик | Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2023 година од областа на математиката, |
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| | информатиката и природните науки, е објавен на веб страната на МОН на 7.4.2023, со рок на пријавување до 31.10.2023г.<br><br>Одобрени се и исплатени три апликации (за учество на Јуниорската Балканска математичка олимпијада во Тирана, Република Албанија, за учество на Меѓународен натпревар по информатика оддржан во Кутаиси, Грузија и котизација за меѓународен натпревар по физика во Банкок- Тајлан). |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad),<br><br>Согласно член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик<br><br>Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | На 22.3.2023 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата (за средно образование), со рок на пријавување до 31.8.2023г.<br><br>Доделени се парични награди за 16 ученици и 16 наставници |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на наградата „Гоце Делчев” во 2023 година<br>Со наградата „Гоце Делчев” се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на земјата.<br>Наградата во 2022 година се доделува за научна книга или дело објавено во 2022 година. | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Доделување на наградата | Државната награда „Гоце Делчев“ со која се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на Република Северна Македонија за научна книга или дело објавено во 2022г., свечено се додели на 4 мај 2023 година. |

| | |
|---|---|
| | Одборот за доделување на државната награда „Гоце Делчев“ додели 3 награди за научни дела кои оствариле значајни достигнувања. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии<br>Врз основа на член 54 став 10 од Законот за ученичкиот стандард, Владата носи Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии, на предлог на Министерството за образование и наука | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука<br>Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии<br>Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | Владата на 180-та седница одржана на 22.8.2023 ја усвои Програмата за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2023 година, со која се зголемени износите на стипендиите за ученици Роми и воведена е нова категорија на стипендии за ученици запишани на наставни програми од шумарско - дрвопреработувачка струка.<br><br>На 187=та седница, одржана на 26.9.2023г. Владата ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта за учебната 2023/2024 година.<br><br>На 9.10.2023 г. објавен е Конкурс за доделување на стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 16.11.2023г.<br><br>На 18.10.2023 г. објавени се Конкурсите за доделување на ученички стипендии за учебната 2023-2024 година. Резултатите од Конкурсите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2023г, освен резултатите од Конкурсите за ученички стипендии за дуалните паралелки кои се објавени на веб страната на МОН на 22.12.2023<br><br>Резултатите од Конкурсите за доделување на стипендии за Математичко информатичка гимназија (43 стипендии) и за Спортска академија (167 стипендии) објавени се на веб страната на МОН на 13.11.2023г.<br><br>На 27.12.2023г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување 500 |

| | |
|---|---|
| | (петстотини) стипендии за ученици кои ќе се запишат во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование од здравствена струка (дуални паралелки од здравствена струка) за учебната 2023/2024 година, со рок на доставување на пријави до 11.1.2024г. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: :** Конкурс за запишување и прием на студенти во студентски домови<br>Согласно член 24 од Законот за студентскиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на студенти во студентските домови | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите студентски домови | Конкурсот за прием на студенти запишани на додипломски студии во државните и приватните студентски домови во Република Северна Македонија за студиската 2023/2024 година е објавен на веб страната на МОН на 14.7.2023г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 5.9.2023г. |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров)<br>Согласно член 51 став 1 од Законот за студентскиот стандард Министерството може да доделува стипендии на странски државјани согласно со одлука на Владата, доколку доделувањето на стипендијата е од интерес за Републиката | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука | Одлуката е донесена на 176-та седница на Владата, одржана на 1.8.2023 г. (Службен весник бр.174/2023 од 16.8.2023г.)<br><br>На 8.8.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2023/2024 година, со рок на пријавување до 31.8.2023г. Резулттаите од конкурсот се објавени на 27.9.2023г.<br><br>На 209-та седница на Владата, одржана на 19.12.2023 донесена е Одлука за |
| Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии | |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | |

| | |
|---|---|
| | изменување на одлуката за доделување на студентските стипендии за странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2023/2024 година (Службен весник бр.275/23 од 22.12.2023г.), со која се зголемува бројот на стипендии од 50 на 57 |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата<br>Согласно член 49 став 1 од Законот за студентскиот стандард, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на академската 2023/2024 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Ревизија на системот на доделување на стипендии (видот на стипендии и критериумите за доделување) | Конкурс за студентски стипендии во земјата е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2023, со рок на аплиицирање до 15.112023г.. Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 29.12.2023г.<br><br>Конкрсот за стипендии за студенти Роми е објавен на 26.10.2023 со рок на пријавување до 12.11.2023г. Резулттаите се објавени на 13.12.2023г. (доделени 122 стипендии) |
| Изготвување на предлог Конкурс | |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент<br>Согласно член 3 од Законот за поддршка на млади при купување на музички, Министерството објавува Конкурс, на почетокот на секоја учебна, односно академска година, на својата интернет страница | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на учебната, односно академската 2023/2024 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс | На 2.11.2023 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за поврат на средства за купен музички инструмент за учебната/академската 2023/2024 година, со рок на пријавување од 60 дена.<br><br>Прифатени се апликации на 5 ученици и 2 студенти. |
| Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН | |

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Календар за организација и работа на училишта во учебната 2023/2024<br>Врз основа на член 52 став 3 од Законот за основното образование и член 23 став 3 од Законот за средното образование, министерот носи Календар за организација на училиштата |
| **Показател за успешност:** Објавени Календари во законскиот рок |

| Активност: | Статус: Реализирано |
|---|---|
| Изготвување и објава на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2023/2024<br><br>Изготвување и објава на Календар за организација на учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта | Владата на 174-та седница одржана на 25.7.2023г. ја разгледа и усвои Информацијата за Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во основните училишта и јавните средни училишта,и донесе заклучок учебната година да почне на 1 септември 2023 и да трае до 17 јуни 2024. Од 30 декември 2023 до 22 јануари 2024 учениците ќе користат зимски одмор, а за прв пат се воведува и пролетен распуст во периодот од 29 април до 5 мај 2024 година.<br><br>Врз основа на тоа изработени се Календарот за организација и работа на основните училишта и Календар за организација и работа на средните училишта во учебната 2023/2024 (објавени во Службен весник бр. 167/2023) |

**ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата
Согласно член 46 од Законот за основното образование и член 24-в од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината во октомври

**Показател за успешност:** Објавен Јавен повик на интернет страницата на МОН

| Активност: | Статус: Реализирано |
|---|---|
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | На 1.11.2023 на веб страната на МОН објавен е Повик за доделување грантови на основни и средни училишта за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, со рок на пријавување до 1.12.2023г. Доставено е извстување до сите јавни основни и средни училишта.<br><br>Примени се апликации од вкупно 177 училишта (138 училишта во партнерство и 39 училишта самостојно). |

**ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Изготвување на предлог програми за 2024 година

**Показател за успешност:** Изготвени, усогласени програми со сите релевантни институции и поднесени во владина процедура на усвојување

| Активност: | Статус: Реализирана |
|---|---|
| Програма за остварување и развој на дејноста во младинскиот стандард (ученички и студентски стандард) за 2024 година | Програмите за остварување и развој на дејноста во ученички и студентски стандард за 2024 година се доставени во владина постапка на усвојување (усвоени на 220-та седница од 16.1.2024) |

| | |
|---|---|
| Програма за научно-истражувачката дејност за 2024 година | Програмата за научно-истражувачката дејност за 2024 година е доставена во владина постапка на усвојување (усвоена на 220-та седница од 16.1.2024) |
| Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година | Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година е доставена во владина постапка на усвојување (усвоена на 220-та седница од 16.1.2024) |
| Програма за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 година | Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 година е доставена во владина постапка на усвојување (усвоена на 220-та седница од 16.1.2024) |

# 5. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Во текот на 2023 година спроведена е сеопфатна анализа на образовниот систем во земјата од страна на Институтот за образовни политики на Унеско во соработка со МОН и образовните институции а финансирана од страна на Европската комисија.

Оваа анализа опфати неколку важни сегменти/поглавја како пристап и правичност, квалитет, релевантност/поврзасност со пазарот на трудот, управување и трошоци и финансирање. Исто така, вклучува и воведно поглавје кое дава преглед на средината/околностите во која/и се развива образовниот сектор. Анализата го покрива периодот 2010-2022/23 година и ги зеде превид квантитативните и квалитативните информации од различни извори и постоечки извештаи, вклучително и административни податоци за образованието, проценки за учењето, анкети на домаќинствата од ДЗС, податоци за човечките ресурси и финансиски податоци. Дополнително, беа спроведени конкретни и посветени интервјуа со релевантни чинители. Финалниот извештај од анализата се очекува да биде готов во месец февруари 2024 година.

За време на Работилницата одржана на 30 и 31 октомври во Скопје, беа презентирани првичните наоди кои се однесуваат на околностите и ризиците:

- Популацијата на училишна возраст се намалува, што предизвикува помал притисок врз образовниот систем
    - Помеѓу 2002 и 2021 година, населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%.
    - Ова бара прилагодување на капацитетите на училишниот систем да се справат со сè помалиот број ученици на кои им треба школување.
    - Ќе биде потребен зголемен пристап до доживотното учење за да се стекне постарата работна популација со потребните вештини за современото работно место.
- Постојат големи разлики во распределбата на населението низ земјата
    - Зголемување на населението главно има во Градот Скопје, а најголем степен на намалување на населението има во западниот дел од државата
    - Просечната густина на населеност е мала и изнесува 72 жители на квадратен километар, во споредба со просекот од околу 112 во ЕУ

- 61,6% од населението живее во урбани средини, а во 38 од 80 општини мнозинството од општинското население живее во урбани срединиПостојат големи разлики во распределбата на населението низ земјата
- Етнички и јазично разновидно население
    - Мнозинството од населението зборува македонски (61%) и албански (24%), и неколку помали етнолингвистички малцински групи.
    - Децата имаат право да учат на својот мајчин јазик во основно и средно образование.
    - Во некои случаи, ова придонесува за сегрегирани паралелки и училишта за деца од различни етникуми (потенцијално влијае на социјалната кохезија; големи трошоци)
- Клучните социјални и здравствени индикатори постојано се подобруваат во текот на изминатите две децении
    - Очекуваниот животен век при раѓање се зголеми за речиси две години од 2002 до 2022 година
    - Стапката на смртност под 5 години е повеќе од преполовена, од 13,6% во 2000 година на 4,9% во 2021 година, како што е и застојот во растот кај децата под 5 години, од 9% во 2005 година на 4,3% во 2018 година.
    - Нивото на сиромаштија се намали од 10,4% во 2010 година на 3,4% во 2019 година. Сепак, националните бројки кријат регионални и етнички разлики, бидејќи некои групи остануваат постојано маргинализирани во споредба со општата популација
- Пристапот до ИКТ опрема е глобално висок.
    - Мнозинството од населението има пристап до телевизија и мобилни телефони (100%), но компјутерот (69,5%) и пристапот до интернет (81,5%) се поограничени, особено меѓу најсиромашните и Ромите (MICS 2018/19 )
- Ромите остануваат најмаргинализираното малцинство
    - Ромското етничко малцинство има значително полоши социјални показатели од националниот просек.
    - Девојките и жените Роми се особено изложени на ризик со високо ниво на детски брак (22,6% кај 15-19 години).
    - Тоа претставува посебна закана за побарувачката и завршувањето на школувањето за девојчињата Роми
- Рангирањето на ИЧР (Индекс на човечки капитал) покажува подобрување во последните 20 години
    - Во 2021 година, рангирањето на ИЧР на Северна Македонија беше 78 (од 191 земја и територии во светот) со оценка за ИЧР од 0.770, ставајќи ја во втората највисока група на „висок човечки развој“.
    - Рангирањето на Северна Македонија е зад земјите од Западен Балкан
    - Субнационалниот ИЧР покажува дека југоисточниот и североисточниот регион се пообесправени, додека Скопје, Пелагонија и Вардар се најповолни.
    - Индексот на родова нееднаквост беше 0,134 во 2021 година (рангирајќи ја РСМ на 37 место од сите земји) и укажува на ниска нееднаквост меѓу мажите и жените во Северна Македонија.
- Генерален стабилен економски раст, со шокови од Ковид-19 и војната во Украина
    - Државата бележи стабилен економски раст во последната деценија, но Ковид-19 и војната во Украина донесоа значителни шокови во економијата. И покрај нарушеното закрепнување од пандемијата на краток рок, среднорочните економски изгледи на земјата се ветувачки.

- Северна Македонија преминува кон економија водена од терциерниот сектор, што повлекува промена во потребите за вештини на пазарот на трудот.
- Владата прави напори да ги зголеми приходите, бидејќи соодносот на данокот и БДП останува релативно низок.
- Буџетот за образование се намалува по падот на популацијата на училишна возраст, но додека инвестициите по население на училишна возраст се зголемија, инвестициите остануваат релативно ниски. Потребни се повеќе финансиски напори за поддршка на квалитетно образование за сите.

# 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Особено е значајно реформите започнати во основното образование да продолжат етапно да имплементираат во останатите одделенија како и за средното образование, преку изработка и донесување на нов Закон за средно образование, Концепција за средно образование и изработка на нови наставни програми базирани на национални стандарди за постигањата на учениците и врз основа на стандардите за интеркултурно образование.

Компетенциите за доживотно учење преточени во Националните стандарди, а посебно оние кои се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост. Исто така, дигиталната интеграција е основа на новото образование, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи. Дигиталната технологија мора да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците. Тука спаѓа и подготвувањето на учениците за комбиниран пристап на учење (blendid learning) преку дигитални платформи или преку настава од далечина во различни услови, како и користењето на дигитална технологија како поддршка на инклузијата на децата со попреченост во редовната настава.

Пристапот до квалитено образование е исклучително важен, особено за децата од ранливите средини. Притоа, не е важно тие само да посетуваат училиште, туку и да ги научат вештините кои се бараат на пазарот на трудот. За таа цел реформите на системот на стручно образование и обука треба да продолжат и во 2024 годинам односно да се донесе и имплементира новиот Закон за стручно образование и обука.

Врз основа на искуствата од имплементација на моделот за кариерен развој на наставнците во основното образование, важно е да се имплементира и моделот за кариерен развој на наставниците во средно образование, и за стручните работници во основните и средните училишта. Важно е и да се продолжи со унапредување на системот за професионален развој на наставниците и да се осигура дека професионалните потреби на поединечните наставници се задоволени. По примерокот на изработка на Каталози за акредитирани програми за обука за наставници и стручни соработници изработен во 2022 г. за основно образование, треба да се изработтат и за средно образование.

Обезбедување на квалитет може да доведе до посилен, поодговорен и порелевантен образовен систем. Механизмите за обезбедување квалитет се од суштинско значење за да се обезбеди квалитетна настава и добро владееље на ниво на образовни институции и на ниво на систем. Ефективното обезбедување квалитет бара соодветно и редовно следење на резултатите на учениците и перформансите на образовните институции, но исто така и механизми за поддршка со кои ќе им се помогне да се справат со предизвиците со кои се соочуваат, и, на крајот, ефективно законодавство кое овозможува да се преземат мерки кога образовните институции работат под задоволителното ниво. Потребните реформи за модернизирање на политиката и практиката за оценување на учениците се веќе започнати, но потребна е поддршка за нивно окрупнување и градење институционални капацитети. Државниот испитен центар (ДИЦ) претставува добро воспоставена институција за спроведување на широк опсег на проценки, вклучувајќи тестирања со висок влог и тестирања врз основа на примерок.

Клучно е да се напомене дека инвестирањето во образовнаието не подразбира само по себе зголемување на финансиските средства кои се одвојуваат за таа намена. Повеќе средства, доколку не се користат соодветно, не мора да значи дека ќе доведат до подобрување на образованието. Еден од начините за подобрување на ефикасноста и на резултатите на образовниот систем е промена на системот на финансирање на училиштата со помош на формула. МОН започна со ревизија на начинот на финансирање на основното и средното obраозвание и изработи предлог нов модел за финансирање, кој е важно да се имплементира од 2024 година. Преку јасно утврдените стандарди за различните типови трошоци се очекува да се зголеми ефикасноста во трошењето на буџетските средства и следењето на реализацијата на буџетите да биде поедноставно и транспарентно, а со тоа да се поттикне и поголема отчетност од страна на училиштата и општините. Паралелно со промена на системот на финансирање треба да се спроведе и оптимизација на училишната мрежа на ниво на општина, согласно утврдени планови за омптимизација.

Паралелно со примена на системот за финансирање на основното и средното образование, треба да се разботи и на промена на моделот за финансирање на високообразовната и научната дејност во земјата, преку изработка на нови уредби од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност.

Започнат е процес на воспоставување и консолидирање на систем за обезбедување квалитет во високото образование. Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) започна со работа во 2020 година според новиот Закон за високо образование, но досега не е спроведена институционална евалуација од страна на агенцијата. Новите правилници за евалуација и акредитација, усогласени со Европските стандарди и упатства за обезбедување квалитет, се усвоени во 2022г.. Имплементацијата на стандардите за обезбедување квалитет во високото образование е од големо значење за постигнување полноправно членство во Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), бидејќи Република Северна Македонија во моментов е само придружна членка.

**Листа на кратенки, употребени во Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2023**:

| | |
|---|---|
| МОН | Министерство за образование и наука |

| | |
|---|---|
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЦОВ | Центар з аобразование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| УРУОЈПЗ | Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| СКИЛС проект | Проект за развој на вештини и иновации |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| НАЕОПМ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗОО | Закон за основното образование |
| ЗСО | Закон за средното образование |
| ИОП | Индивидуален образовен план |
| ЗВО | Закон за високото образование |

Бр. 01-1069/1
18.1.2024 година
Скопје

Министер,
Doc.Dr. Jeton Shaqiri, с.р.

Подготвиле:
Билјана Трајковска, државен советник за стратешко планирање и економски анализи
Анастасија Трајковска, државен советник за стратешко планирање и економски анализи
Елена Ивановска, раководител на сектор за стратешко планирање

Нуман Салаи,  советник за координација на процесот на стратешкото планирање
Славица Мирческа Атовска, советник за стратешко планирање
Кети Костовска, советник за спроведување на инстражување и анализи од областа од образованието и науката